**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 3 март 2000 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Илјаз Халили потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по 25-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Слободан Косев, Благоја Ханџиски, Панче Ѓорчев и Стојан Ковачевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам записниците на една од копчињата на системот за гласање, да го утврдиме бројот на присутните пратеници.

Ја молам Службата да провери дали некој од пратениците се тука, во близина на салата.

Ве молам притиснете уште еднаш на копчињата за системот на гласање, да видиме дали имаме доволно пратеници за да продолжиме со работа.

Бидејќи имаме доволен број на пратеници, можеме да продолжиме со работа.

Има и повеќе од 51 пратеник.

Продолжуваме со претрес со Извештајот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки на Собранието на РМ, за испитаните јавни набавки во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Архивот на Македонија, Македонската академија на науките и уметностите и Заводот за судски вештачења во периодот од 9 јануари 1991 година до 19 ноември 1998 година.

За збор се јавија неколку пратеници.

Прв за збор се јави г-дин Карангелевкси Радомир, не верувам во моментов тој да не е тука.

Има збор г-цата Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, најпрвин би сакала во мое лично име и во име на пратениците на СДСМ, да им се извинам на јавноста за она што беше сведок во текот на изминатиот ден, а тоа е на едно повторно паѓање на нивото на работата на ова Собрание, на нивото на една комуникација и меѓу нас како колеги, меѓутоа и нашето оптшесе во јавност и да се надевам дека тоа толку тешко, барем нема да ни се случува.

Би сакала да го истакнам својот став кој веќе во неколку наврати има право и можност да го изразам, зошто нема да гласам или зошто сметам дека ова Собрание не треба да го усвои Извештајот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки на Собранието на РМ и притоа да започнам со неколку мали потсетувања што беа спомнати во вчерашната расправа, меѓутоа не е на одмет да ви кажам повторно.

Имено, според Уставот на РМ, Анкетната комисија беше повторена неколку пати, се формира за утврдување на политичка одговорност на актуелните носители на јавни функции. Тоа беше дебата која неколку пати ја водиме, дали во дадениот случај Анкетната комисија има смисла. Меѓутоа ќе потсетам и на тоа кога таа беше формирана, односно кога беше носена одлуката за нејзино формирање, и покрај тоа штом некои од другите пратеници кажаа погрешно, и опозицијата гласаше за и тоа токму водена од принципите кои неколкупати беа изразувани во говорницата.

Тоа е да отвориме некои прашања, да ги затвориме и да престанеме со нив да се занимаваме и да ја замараме јавноста. Меѓутоа, таа одлука за формирање на Анкетната комисија беше таква што содржеше дала и рок за поднесување на извештајот на Анкетната комисија, кој што при нејзино формирање беше до 15 февруари 1998 година, значи веќе повеќе од 1 година, заправо прво беше до 15.12.1998 па до 15.02.1999 година па до 15.04.1999 година, потоа пред и после претседателските избори повторно го продолживме рокот, за да сега повторно се најавува продолжување на нејзината работа.

За дополнително потсетување, при последното продолжение на мандатот на оваа Комисија, токму нејзиниот претседател изјави: "Комисијата заклучи дека е неопходно да се пролонгира рокот за доставување на конечниот извештај до Собранието на РМ и тоа најдоцна до 31.12.1999 година". Веќе изминаа 3 месеци од тој последен термин според зборовите на претседателот на Комисијата, поради што заклучувам дека оваа Комисија работи несериозно и доколку Собранието се одлучи и понатаму да и го продолжи мандатот, веќе се слуша најавување за 37-та седница, а и да

го усвои овој Извештај, сметам дека ќе влеземе во замката и ова Собрание да продолжи да работи несериозно.

Имено, при ваква изјава дадена пред релативно кус период и вакво барање за пролонгирање на рокот, можни се две опции или да се даде конечниот Извештај и тука да заврши работата, па евентуално да формираме нови анкетни комисии, или членовите на оваа Анкетна комисија да понудат оставка како некои морален чин, што за несреќа, се چести исклучоци, не се случи, дури и да не се спомна.

Меѓутоа тоа е само почеток, тој покажува дека оваа Комисија по се изгледа несериозно ја сфатила работата уште од самиот почеток, но не и единствениот. Доволно е само да се погледне како работеше Комисијата за да се извлечат заклучоци за нејзината работа и за резултатите од таа работа. Имено во една друга прилика претседателот изјави дека материјалите беа со ознака строго доверливо, што бараше посебен начин на нивно обработување, што согласно со таа изјава и со неговото мислење барало и повеќе време и токму поради тоа дошло до одлагање на работата на Комисијата. Тоа го кажува, верувале или не, истата онаа комисија која ги даде сите материјали на медиумите и тоа во текот на нејзината работа и која што на некој начин сега нема сосема јасна претстава дали работи отворено, работи затворено, дали и треба посебен или не и треба посебен начин на работа. Наместо сериозна работа, на која што како резултат ќе беше и сериозен извештај и по која со можеби оваа работа ќе си завршеше во одредениот рок, Комисијата се претвори во постојана прес конференција полна со сензационални вести и повремени повици на линч, точно упатени кон одредени личности, по правило припадници на опозицијата. Притоа, не се почитувани дури и нивни од правилата што се пропишани и согласно законите и согласно интерните правилници и на што на Комисијата и беаше укажувано неколку пати. Имено уште при првото или при второто продолжување, беше истакнато дека при извршувањето на извидите на записниците и на извештаите од секое од министерствата, записниците се потпишани најчесто од страна на тројца или на четворица, без присуство на претставници од различни сектори, согласно со внатрешните правилници, притоа анкетираните во најголем број случаи или весници по правило не се ниту информирани, ниту пак во овој извештај или во материјалите кои ги добиваме со извештајот постојат некои нивни забелешки, ниту пак постоел оној принцип на директни интервенирања што на некој начин би помогнал да ја добиеме вистинската слика за тоа што навистина се случувало во испитуваниот период.

Она што ни се случуваше во текот на вчерашниот ден беше мавтање со некои хартии, кои што ги подготвиле некои групи во актуелните министерства, формирани од старана на актуелната Анкетна комисија, дадени како предлог од страна на анкетните министри и т.н.

Оние што сакаат за себе да си ја преземат улогата истерувачи на правдината, оние што сакаат можеби, еве да искористат и странски искуства и да кажат дека е тоа дел од развиениот свет, можат, ако ништо друго, ако веќе не се читаат некои правила, ако не се читаат некој странски закони, можат да се погледнат и некои филмови па да се види дека во секоја сериозна држава кога доаѓа до вакви испитувања на некои случаи на минатото или актуелни случаи, тогаш навистина тоа се прави јавно, транспарентно. Меѓутоа од друга страна секоја од страните имаат права и обврска да партиципира, што значи да се чуе и оној кој што ги давал и овие извештаи, овие бројка и оние против кого се тие наменети, па оние кои се слушаат, кои што одлучуваат имаат право да ја најдат вистината или она што го сметаат за своја вистина.

И покрај забелешките во текот на минатиот ден, од страна на претседателот на Собранието дека треба да дискутираме за текстот на извештајот на Анкетната комисија, сакам однапред да изјавам лека апсолутно немам намера да влезам во дискусија по овие точки кои што се дадени во извештајот и тоа од две клучни причини:

Првата е таа заради тоа што немам намера навистина да ги испробувам своите аматерски детективски способности кои што би биле потребни, доколку влезам во овие материјали и заклучам дека едната или другата страна е во право, меѓутоа пред се заради тоа што немам намера тоа да го правам, бидејќи во оваа држава постојат органи и институции и личности кои што се вработени за тоа да го прават, кои што се платени за тоа и кои што во ситуацијата треба да повелат и да ја преземат нашата работа и тоа да го прават професионално и согласно законите и правилата.

Беше споменато дека Анкетната комисија треба да ја заврши оваа работа, заради тоа што можеби некои судии нема да судат. Очигледно кога првиот пат ја слушнав

оваа изјава помислив што ќе биде решението што ќе го предложи што ова прашање го постави и претпоставувам дека наредниот пат ќе ни предложи Владата да ја преземе работата на судовите и тогаш сите да продолжиме среќно да живееме и да живееме во надеж и дека сите работи ќе се дотераат до својот крај. Меѓутоа факт е дека ова Собрание избра јавен обвинител, факт е дека овој јавен обвинител и по таа процедура каква таква работи и факт е дека тој јавен обвинител треба да ги поднесе овие пријави, за да така лесно после тоа се мавта и со извештаи, така лесно се мавта и со бројки од различни министерства и т.н.

Дека се работи за класично судење на вештици кое што го спроведува и Анкетната комисија, а се обидува да го следи тој пример ва Собрание, има повеќе аргументи кои тоа го докажуваат.

Начинот на кој беа девалвирани личностите, кои што и беа нудени на јавноста како гладијатори пред лавовите, со крупни наслови, најави и ветувања за крупни манипулации и фактот дека после сите, сите тие најави кои што се случуваа во текот на целата измината година се уште нема ни трага ни глас од тие толку најавувани пријави, покажува дека тоа е така.

Факт е дека во изминатата година Анкетната комисија не беше единствена која што ја создаваше таа атмосфера на линч, бидејќи слушавме неколку министри кои што на свои прес конференции најавија, кои дури и неколкупати изјавија дека се поднесени кривични пријави и овие кривични пријави до ден денес ги нема.

Друг министер во претходната Влада на г-дин Георгиевски, кој остана во Владата, но го замени ресорот, во едно свое интервју изјави дури и дека има информации за манипулации на некои од луѓето што ги отпушти од својот ресор, меѓутоа еве, заради својот хуман карактер ќе им го прости сето тоа и дека нема да ги даде овие докази ниту на јавноста, ниту на обвинителството, заборавајќи дека е и тоа кривично дело.

На оваа седница на пратеници од опозицијата, на оваа седница мислам на вчерашниот ден меѓутоа и на некои други седници кога дискутиравме по сосема други точки на пратеници од опозицијата, им се праќаа закани од типот – "почекај твоето министерство ќе дојде на ред, почекај следната точка ќе дојдеа на ред" и т.н. Најверојатно надевајќи се дека онаа синтагма позната, малку сменета, прво ќе се уплаши, па после тоа ќе се владее, но и таа се покажа дека не е сосема оправдана.

Дури еден пратеник објаснувајќи ја работата на Анкетната комисија и нејзината улога, тоа го направи на следниот начин. Комисијата е потребна заради тоа истражните органи не можат да навлезат во моралната, замислете, моралната сфера на личностите на СДСМ. Значи Анкетната комисија сега се појавува во улога на орган за носење на морално политички проценки.

Еден друг пратеник како аргумент вклучен, за вината на сите овие луѓе кои така лесно се споменати во овие извештаи, го наведе следното: -"дури и претставниците на СДСМ во Комисијата гласа воздржано". Се виде дека се работи со факти кои лесно се бележат од страна на некои инспекции, лесно се искажуваат овде, никаде не се проверуваат и се покажа дека оние кој што сакаат пред изборите да се претставата како Робин Худ, после изборите како Елиот Нес, дека сега покажуваат по малку сталинистичко лице и велат, доколку фактите не им одат на рака, дотолку полошо по фактите.

Меѓутоа мислам дека клучно во сево ова е зошто не се даде шанса на институциите, кои што во оваа држава постојат и кои што тоа го работат и за кои за тоа се создадени, да го кажат својот збор и да ја оставиме работата на оние кои што би требало да бидат барем професионалци.

Веќе беше кажано при првото продолжување на оваа комисија, меѓутоа очигледно дека ниту членовите на Анкетната комисија, ниту Собранието многу не сака да слуша, но би сакала уште еднаш тоа да го повторам:

Беше кажано, ако се знае дека во државата постојат институции, овластени за изведување докази, за евентуални злоупотреби, институции кои што тие докази ги прифаќаат или одбиваат, институции кои пресудуваат по тие докази, тогаш зошто се создава атмосфера на линч, зошто ја превземаме работата на некои други. Можеби во оваа насока оди и последното мое прашање и до парламентарното мнозинство и до Анкетната комисија. Тоа е што ќе се случи доколку сево ова заврши, доколку ова Собрание го усвои Извештајот, доколку процедурата согласно законите продолжи и институциите кои овде ги споменував заклучат дека немало докази, ниту имало основано сомневање за сите тие работи, за кои така лесно обвинуваме. Каква позиција ќе има Анкетната комисија и во каква позиција ќе биде ставено ова Собрание.

На крајот мислам дека е битна тезата или битен е одговорот на прашањето, зошто сево ова му беше потребно на Собранието и на Анкетната комисија и би рекла, најповеќе, на парламентарното мнозинство. Некој спомна дека сето тоа е поради прочистувањето што го најави на некој начин претседателот на Владата и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ и г-динот Георгиевски на сопствениот конгрес, а тоа е дека, како што беше овдека цитирано "борбата со криминалот ќе продолжи до негово сузбивање".

Погледнете ги весниците и вие колеги и вие г-дине Георгиевски и ако е ова вашето сузбивање на криминалот, тогаш ве молиме да престанете.

Како што се зголемуваат проблемите и во владината коалиција како се зголемуваат проблемите во Владата, така на некој начин се зголемуваше интензитетот и ни се проширувашe делокругот на оваа Анкетна комисија. Веќе при првиот пат, при нејзиното формирање и продолжување на мандатот кажавме дека очигледно комисијата се формира за граѓаните да немаат прилика да видат дека оние ветувања на првите 100 дена не се реализираат. Второто продолжение веќе очигледно беше кога се виде дека не само со првите 100 дена ќе бидат одбележани со такво драстично кршење на ветувањата, туку дека и некои многу други работи ќе излезат надвор од контрола. Претседателските избори беше потребно ова прашање и оваа тензија да се одржува во јавноста, па повторно имавме продолжување на Комисијата по претседателските избори, беше потребно за да се покрие срамот од тие претседателски избори. Очигледно е дека продолжувањето кое што се најавува до 10-ти овој месец, случајно или не, коинцидира со терминот за одржување на локалните избори. При целиов овој период, со порастот на проблемите реални во оваа држава се зголемуваше само бројот на институции кои што се испрашуваат и се испитуваат, под лупа стануваа веќе сега не министерствата, туку се најавуваат јавни претпријатија, корисници на буџетски средства, не знам дали тоа значи дека и во невладините организации ќе ги пратиме или Анкетната комисија, или г-динот Станинов и т.н., со тоа што веќе сега она првото на што предупредувавме во почетокот, а тоа е дека оваа Комисија има за цел да скрие дека власта не исполни ниту едно од своите ветувања, сега веќе се менува, сега веќе не е проблем да се скријат не реализираните ветувања, сега веќе е проблем како да се скрие она што моментално се случува, што значи реалните промашувања и реалните пречекорувања.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Во вчерашните дискусии се велеше дека овие работи кои се набележани и во Извештајот и во пропратните материјали, не би требало ниту би смеело да бидат тајни и како по наредба сите министерства дадоа дозвола сето тоа да престане да биде доверливо и државна тајна.

Меѓутоа, ќе ве потсетам, во дискусија во ова Собрание, вие господа од парламентарното мнозинство велевте дека е тајна износот и изведувачот на реконструкцијата на вилата, наводно, велевте дека тоа е прашање на државната безбедност или барем на безбедност на премиерот. Од денешен аспект јас не знам дали желбата била да се скријат тие фамозни црвени флеки или едноставно тоа прашање да се тргне ад акта, меѓутоа денес ќе треба да кажете зошто сметате дека тоа прашање е толку различно од она што денес го дискутираме. Претпоставувам дека истото ќе го кажете и кога под лупа на јавноста ќе дојде и реконструкција на претседателската вила. Кажавте дека тајноста е потребна за набавките во МВР, гласавте дури кредит за таквите набавки и сметавте дека тоа е практично, со тоа може да се наруши безбедноста на оваа држава.

Најверојатно истото ќе го мислите и за најавата за набавка на авион, кој согласно или според изјавите на министрите во Владата чини само 200 милиони германски марки, што се изедначува со оние бројки при набавката на возилата, за кои беше потребно како држава да земеме кредит. Меѓутоа, јас мислам дека ова е оправдана инвестиција, барем во овој случај, бидејќи колку патуваат и премиерот и претседателот, така наречен на оваа држава, очигледно е дека инвестицијата за нов авион е исплатлива.

Вие господа дигнавте, со оваа Анкетна комисија, и со овие извештаи, и со вашите дискусии, се обидувате да дигнете, да бидам по прецизна димна завеса, за да ја скриете нашата стварност, која што ги полни весниците, која што ги полни дневниците и од која што навистина не можеме попрво да дојдеме за што од тие работи да дискутираме. Сакате да ги скриете бројните набавки без тендери во актуелните министерства, да ги скриете мерцедесите, да ги скриете крајслерите, кои што ќе ве предупредам дека се премногу големи за да така лесно се кријат, сакате да го скриете наглото зголемување на купени автомобили и

зголемување на платите на вашите директори на јавните претпријатија. Сакате да ги скриете актуелните афери во Министерството за одбрана, каде оние кои што Владата ги менува министерот ги назначува за свои советници. Сакате вие да ги скриете актуелните поништени тендери. Сакате да ги скриете новите вработувања без систематизација. Можеби најповеќе да го скриете партискиот рекет кој што очигледно многу добро ги полни партиските каси и сакате да го скриете фактот дека ВМРО-ДПМНЕ, според зборовите дури и на премиерот, смета дека треба да се претвори во акционерско друштво, кое ќе му конкурира на "Мајкро Софт", барем споредбено со средствата и големината на една Македонија според богатството, според фирмите, подфирмите и деловите од фирми кои ги има. Сакате да скриете факт дека странски фирми ангажирате за консултации, странски по правило речиси бугарски, кои се со сомнителен квалитет, со сомнителни карактеристики, а чија што работа досега можела многу добро да се работи од страна на наши фирми. Во ниеден момент за сево ова не рековте дајте да формираме Анкетна комисија, дајте да видиме што ние работиме, дајте да покажеме дека навистина ни е цел оваа држава да функционира согласно законите, оваа држава да функционира во рамките на системот.

Фактот дека претседател на најбројната партија во Собранието и премиер на оваа Влада, смета дека нема никаков проблем во тоа што неговата партија сака да ја купи оваа држава, во тоа што наместо со политичка работа, ќе се занимава со отворање, како што тој кажа, на ресторанчиња, вили, печатници и т.н. Претпоставувам ова е само оној врв од сантата лед, која се заканува да ја уништи дури и вашата партија. Факт е дека вашиот претседател на партијата не смета дека во ера во која што можеби најклучна расправа, барем во европските држави, се води за финансирањето на партиите, дека не е никаков проблем доколку во една Македонија толку мала или толку голема, толку богата или и толку сиромашна, нејзините водечки партии се толку богати. Во еден момент, морам да кажам дека мислев дека причината заради која не се крева врева околу овие работи кои што ни се случуваат и за кои што и ние носиме вина или барем јавноста мисли дека носиме вина, мислев дека сето тоа не го правите само заради тоа што сте послушни војници на партијата и мислам дека и тоа е проблем и тоа сме го дискутирале неколку пати овде пред јавноста.

Меѓутоа, во последно време дознавам дека многу од нас колеги станале директори, станале претседатели на управни одбори, па дел од оние автомобили кои што ги споменав и дел од оние вработувања надвор од систематизацијата се всушност нивни и направени за да формираат привилегии, за да дадат привилегии на овие пратеници.

Кога сето ова го имам предвид и кога сето ова го имаме сите ние предвид, чинам јавноста тоа го прави, јасна е евтината тактика, за да се заштитат своите, за да заштитат партиските, за да се заштитат туѓите привилегии, единствено кое што можете да го правите е да викате држете го крадецот и да покажувате секогаш во другата насока.

Затоа, сметам дека и покрај ваквиот Извештај на Анкетната комисија, кој што кажав зошто не треба да се усвои и покрај вашите говори со многу бројки, кои што никој не ги покажал и затоа се тие проблематични и не може да бидат земени за аргументи, бидејќи не поминале низ процедура која е соодветна, значи покрај сето тоа дозволете ни и нам како членови на опозицијата, меѓутоа, мислам и на јавноста, да не ви се придружиме во ваквите поклици за линч, во ваквите поклици за барање на вината секогаш во другиот, а никогаш не гледање во сопствениот двор.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеничката Радмила Шеќеринска. (Некои пратеници бараат збор процедурално, а некои пратеници за реплика).

Процедурално има збор г-динот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседател, ќе ве молам да не дозволувате да се излегува надвор од дневниот ред и да се дискутира по точката од дневниот ред. Кога ќе дојде дискусија и кога ќе работи Анкетна комисија за некоја друга состојба, тогаш ќе расправаме за таа состојба. Не смееме да настапуваме "вие сте виновни, не сме ние виновни". Сега расправаме за точно одредена точка од дневниот ред, за извештајот на Анкетната комисија и треба да се придржуваме на точката од дневниот ред.

Со тоа на еден перфиден начин г-ѓицата Шеќеринска сака да ги амнестира луѓето, криминалците од која и да се сорта. Не смееме да дозволите тоа никој од нас да го прави, без разлика во чии редови е тој. Криминалецот е криминалец, нема ни боја ниту мирис.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Токму тоа сакав и јас да го кажам.

Не сакав да ја прекинам г-ѓицата пратеник Шеќеринска, но ви обрнувам внимание за натамошната работа на Собранието, навистина да бидеме по стриктни и да се задржиме кон точката која е дна дневен ред.

Се знае што имаме на дневен ред, тоа е Извештајот на Анкетната комисија за јавни набавки, се знае периодот, од март 1991 до ноември 1998 година, а ако сме заинтересирани, ако некој од пратениците има податоци или сака да формираме нова Анкетна комисија или да и дадеме мандат на оваа Комисија за да може и понатаму да работи, било за овие министерства, било за другите министерства и од време на време, за еден период, можеме да слушнеме овде нов извештај или нов рапорт од оваа или некоја друга комисија.

Сега се знае што е на дневен ред и да се задржиме на точката, да не се оддалечуваме и исто така да немаме вакви прилики да се интервенира од страна на другите пратеници, во вид на реплика или процедурално.

Да ја слушнеме г-ѓицата Шеќеринска, која има реплика.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Најпрво би сакала да кажам, земав предвид дека можеби Собранието ќе инсистира или оној кој што ќе ја води седницата, да се држиме кон точката од дневниот ред, ако точка на дневен ред се овие неколку странички.

Меѓутоа, ќе потсетам дека во текот на изминатиот ден слушнавме и за Анкетни комисии од пред шест години и за состојби од пред осум години, па според тоа сметам дека и овој дел од мојата дискусија не беше сосема надвор од контекстот.

Меѓутоа, јас сакав за нешто друго да реплицирам. Сакам да му кажам на пратеникот кој што се јави процедурално, а всушност беше реплика, дека ниту имам намера, ниту имам желба, ниту имам потреба да амнестирам, како што тој кажа, криминалци и доколку повнимателно слушаше што зборувам, ќе заклучеше дека го правам токму спротивното, оставам на оние органи кои што треба прво да констатираат, да си ја работат својата работа.

Меѓутоа, токму поради фактот што не можам и не сакам да си го земам правото некого да амнестирам, според неговите зборови некој криминалец да амнестирам, сакам да кажам дека никој од нас во оваа сала нема ниту право, најмалку обврска некого да прогласува криминалец, Меѓутоа, ова само ја покажува тезата што неколкупати ја изнесуваме, дека секој од членовите на овој Парламент помисли, не знам, дека е во исто време и обвинител и адвокат и судија и веќе донесе одлуки и ова Собрание ќе ја преземе одговорноста за целосно заземање на позицијата на овие органи и целосно чистење на нивната позиција во овој систем. Така лесно кажаните изјави покажуваат само како лесно се пишуваат после тоа извештаи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Збор има г-динот пратеник Слободан Даневски, но пред тоа се јави г-динот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Г-ѓицата Шеќеринска ја почна дискусијата со нивото, дека ќе го запази нивото демек на овој Парламент.

Јас мислам дека напротив многу присебно ниво имаше нејзината дискусија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Процедурално бара збор г-динот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Јас сакам да свртам внимание и во духот на она што вчера го зборував, навистина да се држиме до дневниот ред и за точката и навистина на еден крајно наивен и смешен начин да не ги извртуваме тезите до крај.

Верувајте, дегутантно одбивно делува, една демагогија толку наивна, толку проѕирна, која што се базира на чиста реторика и на заменување на тези, како сега вие сакате да скриете, вие сакате ова да правите, лов на вештерки, реваншизам и т.н. Толку е тоа наивно и дегутантно што навистина Ве молам немојте да ги исфрлате во први редови. Јас не знам, девојчево што излезе да зборува на говорница, дали е од СКОЈ-евска организација или од пионерска организација на СДСМ, не знам од каде е, меѓутоа навистина е крајно наивно и смешно и Ве молам, тие тези што се изнесуваат дека Парламентот и парламентарците сакаат да изигруваат обвинители, судии, истражни органи, полицајци, навистина не стои. Граѓаните вчера имаа прилика слушнат за што се залагавме и навистина до тој степен да се фрла прашина во очи за да се замагли целата работа, за да се бранат одредени работи навистина не стои.

Мислам дека, дефинитивно на најниско можно ниво се спушта Парламентот со вакви дискусии. Би ве молел навистина да се држиме до дневниот ред, до точката и апсолутно не се согласувам дека се работи за разни аматерски анализи и т.н. Напротив, тие анализи се произлезени од најстручни експертизи, групи и др., кои се дадени од самите министерства и веројатно тоа треба да се почитува. Ако сакате да спорите со тоа, спорите со аргументи, но да се базирате само на тоа дека се работи за да се скријат работите, она што е презент да се тргне на страна, да се заборави, да се зборува само за она што било и т.н. навистина не држи.

Сакам да апелирам навистина до претседателот или до потпретседателот на Собранието, кој ја води сега седницата, навистина стриктно да се држи до дневниот ред, до точката на дневниот ред. А ова што се пласираат весниците, па читајте ги насловите во весниците, тоа се приказни за мали деца. Да не зборуваме, весниците можат да бидат посебна тема на разговор. Навистина сме Парламент и треба со целата одговорност да зборуваме за она за што сме се залагале и она што ние сме довеле и сме поставиле на дневен ред на ова Собрание.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Стојан Попов.

Реплика за г-ѓицата Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван г-дине потпретседателе, кој што очигледно не сакате да го земете редот во свои раце, исто како што вчера и претседателот одби тоа да го направи, па да инсистирате вие на некои критериуми на однесување, јас ќе си го земам по малку тоа право и ќе му кажам на г-динот пратеник, кој што сепак јас се уште го ословувам како г-дин пратеник, дека не е член веќе на Централниот комитет, па да споменува и да меша СКОЈ и Скоевски организации и пионерски организации, туку е член на Собранието на РМ и сметам дека тоа членство во оваа институција нешто значи и во поглед на споменувани тези и во поглед на споменувани навреди.

Меѓутоа, очигледно е дека и вчера и денес Собранието одбива да ги користи или да ги применува тие правила. Мене ми е сосема јасно дека кога се нема аргументи или кога болат туѓите аргументи, единствено што останува е начинот на дисквалификација. Дали ќе биде дисквалификација по пол или ќе биде дисквалификација по возраст, не е битно, меѓутоа очигледно е дека кога некој некаде ќе го заболи реагира во тој случај како лав.

Меѓутоа, во случајот и таков атрибут мислам дека не може да се примени. Јас ќе се воздржам од коментари на тезите кои ги кажавте, кои се дегутантни, извитоперени, вештачки, сето она што го зборував може да биде само вистина или невистина, точно или неточно, а се останато е прашање на вкус. Вие вашиот вкус го покажавте со сегашната интервенција.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на пратеничката Шеќеринска.

Процедурално има збор г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Мене ми е многу жал што се кршеше пак и Деловникот и се користеше и говорницата да се пласираат невистини. Мене ми е жал за дамава, еве сама настапува, против сите се бори и ми е жал што не може да одбрани, затоа што тоа што самата сака да го пласира, самата не верува во тоа, затоа што е реална вистина.

Но, немаше право од говорницата дамата да ја осудува работата на Анкетната комисија. Ние кога се договоривме да се формира Анкетната комисија беше континуирано, затоа што и во минатиот состав ние формиравме Анкетна комисија, која поради разни договори или не договори не ја заврши работата. Сите извештаи што се дадени не се дадени од Анкетната комисија. Ова се дадени извештаи од минатиот состав. Во тоа време беа сите ваши министри, ваши потсекретари и секретари на СДСМ, така што нема ништо спорно, Комисијата само добива пишани материјали од Министерството. Немојте да ја вртите филозофијата, дека ова е линч, Анкетната комисија суди некого. Ни случајно. Ова избришете го, ова не пие вода.

Анкетната комисија за овој период колку сработи, дали сработи, ние треба да се задржиме дали Анкетната комисија си ја заврши работата или не ја заврши? Затоа што кога ја формиравме Анкетната комисија се договоривме да ја формираме од сите политички партии и со консензус беше решено дека ќе се формира Анкетна комисија. Тогаш беше пре амбициозно кога се даде еден рок, јас кажав дека рокот е многу краток, затоа што само во Министерството за одбрана се над 9.600 предмети. Физички да се читаат сите, секојдневно да се работи не може да се стаса. Можеби ние како Анкетна комисија згрешивме, затоа што не

испаднавме со целиот обработен материјал. Но ние сега испаднавме со пет органи, МВР, Министерството за одбрана, Републичкиот завод за судски вештачења, МАНУ и библиотеката и архивот.

Ако треба да се бара, во тој момент политичка одговорност, политичка одговорност може да се бара само на тие кои се сега на функција, се согласувам, на функција е господинот Тито Петковски, кој учествувал во јавните набавки на Собранието и ова што реагираат дел од пратениците, ова е во времето на Тито Петковски.

И мене, ако ме прашате како човек, ова за мене е кич, Вие одлучувавте тогаш. На функција е Лазо Китановски, кој тогаш бил министер, на функција е Ханџиски, кој е пратеник, на функција е Зибери, кој исто е пратеник. Тие се политички луѓе од кои треба да се бара политичка одговорност.

Или во контекст на сето ова, се носи политичка одговорност на СДСМ, на политичката партија. Во тој контекст, требаше да дискутирате Вие госпоѓица или госпоѓа, не знам, но филозофијата нас да не обвинувате и Вие да судите, за работата на Анкетната комисија дека не ја завршила работата, го немате тоа право.

Вие се повикувавте дека треба Анкетна комисија. Јас како член на Анкетната комисија, барам дозвола и сега да продолжи Анкетната комисија во континуитет, за сите министерства, да дадете иницијатива. Зошто Вие барате да направите амнестија. Ако тие ги амнестираме за тоа дали направиле или не направиле, за тоа ќе каже судот. Им даваме сега право на овие министри да имаат голем комодитет, да имаат слобода. Овие министри кои што сега се на функција, нема никој право никого да го амнестира.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Јас процедурално се обраќам по дискусијата искажана претходно дека материјалите добиени во Комисијата за анкетирање се од поодамнешно време. Материјалите се точно од поодамнешно време, меѓутоа извештаите што ги добивте на сите пратеници овдека, се од 30 март 1999 година. Тие се направени по барање на еден потсекретар, не сакам да му го спомнувам името, така се договоривме, направена од четири луѓе, двајца полковници и двајца потполковници. Материјалот е од 1999 година. Сите заклучоци кои се дадени на Комисијата се од овој материјал.

Бидејќи се јавувам за дискусија, процедурално реагирав дека она што го изнесуваме овдека, мора да го поткрепиме со факти и со документи Погледнете ги сите строго доверливи материјали, дали некој материјал Вие пред 30.03.1999 година. Значи, не е точно дека извештаите се од поранешните години. Извештаите се од оваа година, 1999 година. Како се направени и зошто, си земам за право да кажам во својата дискусија.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Многу ми се допадна контекстот околу Централниот комитет, сакам тоа да Ви го напоменам. Јас никогаш не сум се срамел дека сум бил во тој Централен комитет, дури и се гордеам дека сум бил во тој ЦК на СК.

За разлика од Вас, бидејќи сте навистина многу млада и немате појма со ништо, а многу убаво Ве користат во одредени сврхи и нека Ве користат и понатаму, јас точно знам за што сум се залагал и кои биле моите ставови во ЦК на СК, во процесите на демократизација на плурализација и заложбите за воведување на повеќе партиски систем во тоа време, за разлика од Вашите врвни членови во тоа време, кои беа крајни измеќари на тврдата линија на СК.

Тоа веројатно, сите многу добро го знаете и ќе си го премолчите. Така што, навистина немате морално право за да ми префрлате за моето присуство во ЦК на СК. Тоа е првата работа.

Втората работа, навистина е бедно, ситуацијата е бедна на СДСМ, која не сака да се соочи, навистина со навистина крупни проблеми, кои што се круцијални, како проблеми во овој момент, за судбината на Македонија. Мора да се соочите со одговорноста и да си погледате во очи. Ако мислите дека може навистина Шеќеринска, со едно така мало политичко и животно искуство, да ја ставите на бедемот на одбраната, тоа навистина мислам дека е Ваш морален и етички проблем. Затоа мислев дека навистина Ви е времето повторно да отворите пионерска организација и да се вратите во пионерската организација.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, сакам процедурално прво да го изнесам моето лично сомневање, како координатор на Пратеничката група, во Вас, како потпретседател, кој има желба да го води

Собранието, односно седниците на Собранието, на начин кој Деловникот го пропишува.

Мислам дека Вие немате всушност, ниту желба, а мислам дека немате ниту можност, како претседавач, како прв помеѓу еднаквите, во овој случај, да го штитите дигнитетот на било кој пратеник, па макар тој бил и од опозицијата. Како пратеник, координатор на Пратеничката група на СДСМ, кој е во опозиција, остро реагира на начинот, на кој Вие, ги штитите пратениците од Вашата коалициона гарнитура, а додека апсолутно не ги заштитувате пратениците од СДСМ, односно од опозицијата, кога тие се навредуваат на начин кој не доликува.

Второ, сакам да кажам, дека во име на Пратеничката група, како координатор, треба како потпретседател да спречите во Собранието и понатаму да се шири една фрустрирана кловновска реторика, која меѓу коалиционите партнери очигледно почнува побрзо да се шири од вирусот на грипот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Сега јас морам да интервенирам на оваа Вие што го кажавте господине пратенику Поповски. Не е точно дека немам желба и волја, да го заштитам интегритетот на секој пратеник, посебно на пратениците од опозицијата. До сега секој еден кој бара збор, тоа му се овозможува, тоа е предвидено деловнички и јас немам право тоа да го скратам. Сега, ако ние сами не сме претпазливи за тоа што зборуваме и се иницира од другата старана да бараат збор, па се интервенира, кога нешто повеќе ќе се каже од тоа што треба да се каже во врска со оваа точка, за тоа јас не сум виновен.

Затоа, јас уште еднаш Ви обрнувам внимание навистина да се задржиме на точката што е на дневен ред и да не кажуваме работи кои не се директно поврзани со извештајот на Анкетната комисија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, оваа Информација од Анкетната комисија е една многу значајна работа.

Меѓутоа, што не ми се допаѓа и ова што се бара процедурално и од едната страна, чувствувам потреба тоа да го кажам за подготвувачите на извештајот на Анкетната комисија и на другите од опозицијата, кои исто така, некои делови се препознаваат себе си.

Меѓутоа, имаме две можности: Извештајот на Анкетната комисија, и тоа, "со ладни глави да се анализира" и да се каже она што треба да се каже, а по мое мислење, треба да се каже. "Гопу - боп, а попу - поп", зошто тоа го потенцирам. Само поради тоа што нам ни останува само еден пат, или шверцот и корупцијата и злоупотребата да ги пресечеме, или останува истите да се легализираат и натаму.

Затоа сакам на Извештајот на Анкетната комисија да му се даде соодветно место и сета сериозност. Инаку, дека биле чамците гумени, недоволно напумпани, денеска не станува веќе збор за друг вид на чамци. Чамците се повторно гумени, само се повеќе надуени.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ова не е на дневен ред, за ова може на друга седница да расправаме.

Има збор господинот пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, многу би сакал кога ова Собрание би го демантирало Черчила и неговата теза, дека кога ќе се отвори некое прашање, кое што не сака да се заврши, ќе се формира работна група, или во нашиот случај, Анкетна комисија. Зошто?

Затоа што, за мене нема ни опозиција, ни позиција, кога се работи за борба против криминалот и корупцијата. Ова не е заради програмските определби, сите ги имаме тие определби, туку заради доследноста и заради она, што секој од нас, треба да го има тоа чувство за вистина.

Тука се спореше околу мандатот и временскиот и суштината на формирањето на Комисијата, се релативизираше работата, а јас би кажал дека во овој момент, ние или ќе свртиме нова страница во работата на ова Собрание и ќе направиме пресвртница, во смисла што еднаш Анкетна комисија која се зафатила со еден обемен материјал, подготвен од стручни екипи, од соодветни министерства и институции во државата, кој што беа предмет и обемот на работа на оваа Комисија, ќе дојде до некое финале, кое што финале, не значи дека ова Собрание ќе ги осуди, како што сака да се прикаже од одредени дискутанти во ова Собрание, туку едноставно дека ќе ги изнесе

елементите, кои ќе бидат основа и подлога, другите институции на системот, а тоа е Јавното обвинителство, Правосудството, значи Судот, ќе си даде дефинитивна и конечна одлука и решение, дали некој се огрешил во криминалот, дали постои корупција и дали еднаш ќе се застане на разни недоследности и негативности, кои што произлегуваат од злоупотреба на власта, овластувањата и неправилностите во работењето.

Од оваа гледна точка, јас морам да се навратам повторно на една работа, која што сите ја знаат, меѓутоа само формалниот аспект на оваа Комисија сака да се предочи, за да се релативизираат резултатите што таа ги даде. Немам интенција да ја бранам Комисијата, меѓутоа ние сме се зафатиле и ќе ја завршиме оваа работа до крај. Се знае дека Собранието на Република Македонија го носи Буџетот. Ние ги имавме бројките и минатата година и оваа година и ги знаеме бројките кои се. Околу 46 до 50 милијарди денари е Буџетот на Република Македонија, од кои стотици милиони марки се по секое министерство.

Со оглед дека ова Собрание го носи Буџетот, го усвојува по предлог на Владата, соодветни министерства стојат зад тоа, ова Собрание има право и како контролна функција да види како тие средства се потрошени. Дали пред година, дали пред пет години, или како што е мандатот на оваа Комисија од 1991 година, не гледајќи која политичка партија, односно сила била на власт, или не.

Со оглед на тоа, апсолутно отфрлам дека мандатот на Комисијата не е даден, во однос на контрола на сите министерства, што се дадени, или институции, меѓутоа јас ќе ги искритикувам соодветните министерства, не заради тоа да ја бранам Комисијата, туку едноставно да се каже на оваа јавност дека Анкетната комисија имаше големи проблеми да ги собере материјалите, односно наодите и извештаите од соодветните министерства и тоа е една од основните причини, зошто ние на време, во претходниот мандат на Комисијата, кога требаше да го дадеме извештајот, немавме сеопфатен материјал од сите институции. Затоа денеска го гледаме овој материјал како што е.

Јас не гледам разлика, ниту помеѓу една партија, бидејќи многу дискутанти вчера и денеска дискутираа по ова прашање, значи не гледам разлика дека се лоцира работата на Анкетната комисија на еден период, на една Влада, односно на една политика номенклатура и коалиција.

Со оглед на тоа, зошто да не дозволиме да се направи еден траен перманентен начин на контрола од ова Собрание на министерствата и сите други институции на системот и конечно, на следната седница и лично ќе предложам, а претпоставувам дека и Пратеничката група ќе ме поддржи на секои шест месеци, значи двапати годишно од сите министерства да се прават вакви извештаи. Дали ќе биде оваа Анкетна комисија со истите членови, или не, е друго прашање, меѓутоа ќе се борам лично да продолжи мандатот на една ваква Анкетна комисија, во функција на се ова што го кажав како контрола на трошење на средствата од Буџетот, поради што Собранието има голема одговорност, бидејќи го носи, а тие средства се од сите граѓани на Република Македонија.

Второ, пред да се осврнам на конкретниот извештај, морам да се осврнам на неколку феномени, кои што не само во дискусијата вчера и денеска се провејуваат од одредени дискутанти, туку се феномени кои се провлекуваат долго време.

Едниот феномен е кој што го загатнав и во моето претходно изнесување, амнестијата да се лоцира на еден период, односно на одредено владеење на одредена политичка провиненција.

Што значи тоа? Феноменот е да се сокрие се она што може да се сокрие во еден период, господинот Зибери ми даде поттик за оваа работа, каде што рече еве сега формирани се по министерствата комисии да ја согледуваат работата на претходните министерства и институции.

Меѓутоа, многу од тие луѓе, кои што ги гледавме од извештаите од стотици страни работеле макотрпно и имаме комисии од 4, 8 и повеќе членови, што ги направиле тие извештаи и тие се стручни, според она што ни е доставено, од стручни лица од таа област.

Јас не велам и повторно ќе повторам дека нивното е конечно. Меѓутоа, наодите кои што се дадени во овие извештаи е се "косата да му се крене на секој граѓанин кога би ги видел". Меѓутоа, накнадно ќе се осврнам на тие наоди на крајот на дискусијата.

Зошто е овој феномен што се сака да се сокријат претходните работи. Очигледно е заради сознанијата дека нешто такво постои. Меѓутоа, со заложбата да

направиме една перманентна работа на Анкетната комисија, ние автоматски ги отфрламе сите инсинуации, дека сакаме само еден период од работењето, на трошењето на средствата од Буџетот на претходната власт да го согледаме. Тоа е таа страница што сакам да ја потенцирам и пред јавноста, нова страница и пресвртница и тоа е една обврска на Анкетната комисија и Собранието да ја заврши работата и да имаме краен епилог во Јавното обвинителство и во Судот на оваа држава, за да се знае дека не постојат други спреги на власта, бидејќи знаеме дека постојат такви спреги, кои што можат да потиснат одредени решенија, што се дадени во една еклатантна форма во овие извештаи.

Сега би се осврнал на некои недоследности кои се изречени во овој куп од материјали што го разгледавме. Од тие еден, а тие се десетина, еден е доволен да се спроведе истрага, односно да се покренат обвинителни акции и во судството да се даде краен епилог на истите.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:** (Продолжение)

Јас ќе се осврнам на некои наоди што се најдени во Информацијата.

Прво, не е водено сметка за обезбедување на средствата при јавните набавки. Значи, основната функција од Буџетот средствата што беа наменски дадени, не е водено сметка за нив.

Второ, давани се аванси надвор од одредбите на договорите по поедини зделки кои што се правени, договори во министерствата, главно се осврнува на Министерството за одбрана, каде што не можам да сфатам луѓе во тие министерства не можеле да имаат евиденција и да следат реализација на договори, каде што е даден аванс 50 или 100% од вредноста на зделката и после една година да се увиди дека воопшто не е испорачана опрема, предмет на тој договор.

Понатаму, спроведување на постапка по сите овие договори, скоро да нема договор каде што е почитувана постапката према правната регулатива во тој момент на потпишување на тие договори и реализација на тие договори.

Јас имам предвид дека до 1996 година немаше регулатива, во 1996 година се донесе Уредба за јавните набавки, а во 1998 година во декември ми се чини беше донесен Законот за јавните набавки, меѓутоа, дали тоа значи дека ако не постоел Законот, се дава право на потписниците на договорите да можат да работат како сакаат со средствата на граѓаните на Република Македонија. Да можат да работат со средствата наменски на Буџетот, не почитувајќи основна процедура, која што беше стимулирана по претходните акти на претходната држава, кои што не излегоа надвор од правната рамка, додека не се донесоа новите законски решенија.

За оформување на документацијата, па јас не знам кој граѓанин, кој човек би се сложил дека ќе се заврши зделката, ќе се извршат исплатите, ќе се испорача опремата и после тоа да се оформува документација, договори, понуди и т.н., значи на невидено се и цените и сето тоа е правено. Пак ќе спомнам, не испорачаните работи, ако овие наоди се точни, тогаш јас не знам дали е ова не криминал, туку не знам како би го нарекол. За не навремени испораки, не извршени испораки, не сакам ни да зборувам сега.

Меѓутоа, тука има една работа која што не ми е јасна како можеле овластените луѓе од министерствата, почнувајќи од министрите, замениците министри и потсекретари да даваат овластувања на своите помошници и други службеници во министерствата да потпишуваат одредени зделки и одредени документи за кои не можат по Законот да бидат овластени. Значи и процедурата и злоупотреба на службената должност, стои како аргумент во сите овие наоди. Јас пак велам, се држам до наодите во извештаите на стручните тимови што ги направија.

Сега, конкретно би се задржал на некои други, кои што со самата природа кажува дека се можни малверзации. Тоа е плаќањето во кеш од каса. И, вчера беше спомнувано, тука пак си има процедура која не е почитувана, се има намената на тие од каса за кои оперативни работи можат да се направат, меѓутоа и тоа не е почитувано. Разлики во цени за тоа многу е зборувано и јас не би се задржувал на сите. Но, ќе дадам два примери.

Едниот пример е кој што задира и во еден друг феномен, а тој феномен е многу интересен за оваа држава и во тој контекст велам пресвртница треба да направиме во оваа држава, а тоа е феноменот на хоризонтална ротација на министрите. Не зборувам за кој период, меѓутоа ќе кажам зошто. Министер за одбрана се трга и оди во друго министерство или во агенција, а претходно во тоа министерство отпушта скоро 400 вработени незаконски, што ќе се докаже во судската постапка, инаку тоа е завршена работа, тука не треба докажување

и од Долно Дупени доаѓаат нови 400 луѓе, кои доаѓаат на тие места и после судската постапка министерството за три и кусур милиони марки треба да врати средства и повторно да ги вработи одпуштените луѓе.

И, сега, чии се тие средства, јас почитувани пратеници, прашувам три и кусур милиони марки и како да ништо не се случило, уште оди тој министер во друго министерство, па понатаму и претседателот го става да ја води Агенцијата за разузнавање. Три и кусур милиони марки, па тие пари не се најдени надвор на улица, тие се пари од сите граѓани на оваа држава.

Јас нема да се задржувам на посебни зделки, меѓутоа ќе кажам по знаци на наоди дека и Комисијата немала некои документи, конкретно ќе зборувам за набавка на хелихоптерите. Беа нарачани два, директна спогодба, немаше тендер, 590 илјади долари за еден нарачан, понатаму четири. Случајно во тоа време јас работев во најголема трговска организација, која даде понуда 100 илјади по хелихоптер помалку, тоа е 490 илјади долари. На четири хелихоптери 400 илјади долари разлика во цена, со сите други паритети застапени со прелети, со посада и со се.

Не сакам да навлегувам во тоа, очигледно, се тргнати некои документи и пред министерството се прикажани други документи или само една понуда и дава за право да направи директна спогодба. Не знам дали некој може да контрира и да опонира во однос на овие цифри што се кажани само во две зделки, а ги има мали милиони. И една од овие работи е доволна да се потегне одговорноста, не зборувам за политичка ниту зборувам дека ние, ова не се работи за политика, ова се работи за кривична одговорност, кои што треба да се произнесат Јавното обвинителство и судството. Ние побаравме и претседателот вчера ни го даде на увид дописот, една Информација во доверлив карактер и јас морам да се осврнам на таа Информација, бидејќи пет-шест точки од таа Информација, нема да кажам за што се однесува, со оглед на доверливиот карактер, кој што Јавниот обвинител му го предаде на претседателот на Собрание и на нас пратениците ни е поделен како доверлив, меѓутоа јас сакам да се осврнам на еден триаголник, маѓепсан триаголник на министерствата, Јавното обвинителство и судството. Во тој извештај само во оној дел каде што се однесува на јавните набавки од министерствата, сите точки, тоа се четири, пет и шест од тој извештај, кои се однесуваат на Министерството за внатрешни работи и некои точки кои се однесуваат на Министерството за одбрана, само ќе ви кажам какви се заклучоците после овој период од минатата година, каде што точно е дека Анкетната комисија јавно работеше и не се согласувам, без оглед дали е од опозиција или е од позиција или било кој друг дека еве пред јавноста се отворала работата, впрочем, ние секој ден слушаме од опозиција, бидете транспарентни и дајте да работиме транспарентно и т.н. Тие актери на овие зделки се повикувани да присуствуваат на Анкетната комисија, па според тоа имале доволно време, доволно простор и можност да се произнесат на тие средби. Јас велам дека ние не сме конечното решение да го дадеме и суд, има за тоа институција, меѓутоа овие наоди се страотни. Овие наоди граѓаните кога ќе ги чујат да им се, како што реков, крене косата на главата. Е, сега, во тој извештај на јавниот обвинител стои дека, очигледно е дека точките три што се однесуваат на МВР и Министерството за одбрана не се завршени и уште истражни постапки од судиите.

Па, ве молам, што работат судиите, седум месеци. Ако ние го добивме во Собранието овој материјал, кој материјал не е сега даден, овој материјал е даден од 22 јули 1999 година, значи доставен од Комисијата. Тој датум го носи на архивскиот број.

Понатаму, не се завршени истражните постапки од страна на судот.

Второ, повторно Јавното обвинителство се обраќа до Министерството за внатрешни работи за додатни информации, а Министерството се оглушува. Па, ако имало таму осум души во таа Комисија, Ве молам, тие треба да си ги доработат тие работи и да се заврши постапката. Зашто, ќе бидеме истрајни, верувајте ни, тоа е нашата заложба да се заврши постапката. Дај боже ниеден од овие да не биде осуден, односно да не биде означен како криминалец или дека се занимавал со корупција.

Јас не им посакувам на ниеден од овие кои што се назначени тука во Извештајот од Анкетната комисија, меѓутоа сосема коректно Анкетната комисија вели за секоја точка постои сомнение, со оглед на овие наоди што сега ги елаборирам.

Понатаму, значи Министерството за внатрешни работи да си преземе активности да даде додатни информации на Јавниот обвинител.

Трето, исто така, Министерството за одбрана не ја завршило постапката. Очигледно дека Јавното обвинителство бара одредени дополнителни информации, па зошто да не им се дозволи достап на тие информации до Јавното обвинителство. Тој триаголник ако биде зачаран, како што беше зачаран во претходните периоди, ние никогаш нема да имаме правна држава, за која што сите декларативно се залагаме, меѓутоа има и многу, чувствувам денеска и вчера, кои што од се срце се залагаат за тоа и доколку тоа не истрае ова Собрание има голема одговорност, тогаш ние не сме направиле ништо и тогаш можеме да кажеме дека е паднат и дигнитетот и дека немаме одговорности. И, тогаш, како што рече господинот Петар Гошев, да поднесеме сите оставка како пратеници на ова Собрание, затоа што не сме способни да ја завршиме една работа до крај. Меѓутоа, не да осудуваме, пак повторувам, за да не ми се изврши тезата, туку да им дадеме и да им овозможиме простор на другите институции на системот. Зошто Анкетната комисија? Затоа што е тоа зачаран триаголник и затоа има потреба од Анкетната комисија. Затоа што ние имаме контрола и право да го контролираме Буџетот на Република Македонија. Зошто не избрале граѓаните на оваа држава? За да ја контролираме извршната власт и да контролираме дали наменски се трошат тие средства.

И, конечно, претпоставувам во почетокот го изнесов мојот став дека треба Анкетната комисија, дали во овој состав не навлегуваме во тоа да не се мисли дека еве сега ние сме, односно имаме некој состав кој го контролираме по некој паритет према големините на пратеничките групи во Собранието.

Меѓутоа, треба да се продолжи работата на Анкетната комисија и двапати годишно, шесто месечно да ни даваат извештаи и за постојната власт. Ако некој се плаши, тогаш да видиме од што се плаши.

На крај, би рекол, не навлегов во имињата посочени во Извештајот, меѓутоа лично сметам дека некои имиња, конкретно јас ќе поднесам амандман на Заклучок број 6 точка 3 во МВР за господинот Чокревски, кој што сметам дека двата наоди, едниот е за изработка на обрасци, фактички, тој договор немаше правна реализација. А, вториот е во континуитет од претходниот министер потпишан договор и како континуитет и лично ќе поднесам амандман точката 4 од Извештајот да се брише, конкретно, бидејќи сметам дека таму нема основа за потегнување на некоја одговорност. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Карангелески Радомир.

Има збор господинот Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, што се однесува за работата на Анкетната комисија е за пофалба. Јас ќе се трудам да не ги повторувам досега искажаните зборови на моите претходни дискутанти. Не навлегувам во детали во Извештајот на Анкетната комисија.

Затоа, ќе се осврнам до Министерството за внатрешни работи, Министерство кое во претходните осум години на власт, а посебно за време на господата Љубомир Фрчковски и Томислав Чокревски, не само што се создавани криминални дејствија, но не беа почитувани ни Уставот, како и законите на оваа држава. За да си ги покријат криминалните дејствија како куршумите кои беа употребени против граѓаните, господата мајсторски монтираа политички процеси во Република Македонија. Ја доведоа државата пред граѓанска војна од национален карактер, како што беше последниот настан во Гостивар. Меѓутоа, до ден денеска не се дадени прецизни одговори, а исто така не се поднесени кривични пријави против претходно именуваните личности, кои се за Хашкиот суд.

Се доаѓа до заклучок дека во оваа држава многу нешто може да се достигне, да се биде на власт, да се направат доста не законски дејствија, од кои државата да има огромни загуби, а народот да доживее трауми. А, за сето тоа господата што беа на власт едноставно само да бидат сменети, а да не сносат никаква одговорност. И, дека вели секој за се што има сторено е да сноси одговорност. Бидејќи, само со сменување на личностите од функција, од власта, не се решаваат проблемите и колку да посакува сегашната власт и народот во Република Македонија.

Жално е тоа и меѓу присутните тука има кои се на нивна страна и се уште тврдат дека работеле исправно и се чисти како капка солза.

Го поддржувам Извештајот на Анкетната комисија и сум за тоа Комисијата да ја продолжи работата понатаму. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Мухамед Таири.

Збор има пратеникот Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, немав намера да земам збор за дискусија по оваа тема, меѓутоа вчерашните некои дискутанти ме поттикнаа, дури и некако провокативно, па се решив да земам збор во оваа тема и се разбира, по Извештајот на Комисијата за јавни набавки при Собранието на Република Македонија. Дури вчера еден од нашите колеги од нашата партија се изјасни дека ние како партија, дефакто како пратеници на Демократската партија на Албанците, Извештајот ќе го поддржиме и ќе гласаме за него, верувајќи дека тие заклучоци се како продукт на сите анализи извршени од страна на таа комисија.

Се знае дека во составот на таа комисија учествуваа сите пратеници од сите парламентарни групи, дури колку ми е познато, дека едногласно ги поддржувале тие заклучоци што ги имаме денеска пред себе.

**АЛИРИЗА ЛОГА:** (Продолжение)

Но, едно ми е мило ем драго, што прв пат ова Собрание смогна сили да формира таква Анкетна комисија после двата изминати мандати на ова Собрание, Анкетна Комисија што ќе се занимава со јавните набавки на сите институции на државата од законодавната, судската, извршната и другите структури на власта и добро е тоа што пред нас, пред јавноста прв пат зборуваме за овие, не сакам да прејудицирам, но тоа се некои работи што се шушкаат или се гледаат или има сомневање во злоупотребата на службената должност од страна на "X" функционери од власта, бившата, а не сум толку сигурен дека ги нема и во сегашната власт. Се разбира за оваа транспарентност е мериторно парламентарното мнозинство и нејзината Влада. Инаку ова не беше во двата измината собраниски состави, значи дури се молчеше или се прикриваше, се разбира, плашејќи се од вистината на она што се случуваше по тие институции.

Дури и минатата година кога ја формиравме оваа Анкетна комисија од страна на опозицијата имаше такви мислења дека не треба да се формира, дури имаше и такви дека треба да се формира но и за периодот после 1998 година. Јас не сум против тоа и се изјаснувам дека сум за тоа дека ваквата комисија треба да ја продолжи работата во состав каков што е за периодите од 1991-1998 година, туку таа треба перманентно да работи и во иднина, се разбира и за сегашните функционери на институциите на државата. Со тоа ќе бидеме секогаш во тек со сите случувања што одат на штета на Буџетот и на сите граѓани на оваа држава.

Но ова го спомнав дека, мериторно е парламентарното мнозинство за оваа Анкетна комисија, затоа што реков дека минатите состави на Парламентот не најдоа засходно такво нешто, веројатно плашејќи се од тоа што требаше да биде објавено.

Јасно ми е дека, ние како Собрание, како пратеници, не сме некој орган на прогон, истрага и судство, меѓутоа сме пратеници што сме избрани, сме ја избрале оваа Влада, а опозицијата до вчера нивните Влади. Како контрола врз нив, тоа е наше и уставно и деловнички, да дадеме наше мислење врз основа на аргументи добиени од стручните служби и органи, како што е и ова сега пред нас дадено на неколку страници.

Но, едно е јасно дека од дискутантите, од едната и од другата страна, произлезе дека двете страни сме дојдени до тоа дека навистина постои злоупотреба на службената должност постоела, а за жал и постои. Заради тоа е добро што сме заеднички во тоа и треба да донесеме заклучоци тоа да биде стопирано или некако санирано, а тоа е во интерес на сите нас овде и во интерес на целата држава.

Друго е тоа што некои, се разбира, преку разни аргументи и контра аргументи сака да го оспори ова што е изнесено денеска од комисијата или да се извлече од реалноста и она што е на виделина, се разбира со синтагмата напад е одбрана. Потполно се согласувам со некои дискутанти дека комисијава треба да работи перманентно во ова Собрание и тоа и за претходните функционери и за сегашните. Само така ќе бидеме во тек со овие криминални дејствија, и на тој начин да ставиме точка на криминалот, корупцијата, митото, шверцот и т.н.

Се разбира, најпрво тргнувајќи сами од себе, од високите функционери било од минатата било од сегашната Влада. Но, не се согласувам со некои од опозицијата кога кажуваат дека, за сите изминати функционери прогонот и истрагата против нив треба да се запре, или потоа, ова што денеска го расправаме, дека е беспредметно, затоа што се работи за функционери што не се на тие функции. Со прости зборови тоа значи, ние правевме што правевме, што правевме вчера тоа е минато, да видиме што правите сега со вашите

функционери на власта.

Со тоа не се согласувам, затоа што ако не го откриеме довчерашното што се правело, како се манипулирало со средствата на Буџетот, се разбира дека ни идната ни денешната нема да ги откриеме и да ги елиминираме. Иако се работи за тие функционери што сега не се на иста функција, тоа не значи дека не се во некоја друга функција, тие некои од нив имаме и денеска некои во Парламентот како пратеници.

Сега малку да се навратам на некои дискусии од опозицијата, што за жал, многу од нив и вчера па и денеска се служеа со "рекла - казала" од новините. Наслови што денеска, за среќа ги има во изобилие. Денешниот печат или електронските медиуми се полни и голем број од нив се како параван на бројни политички партии и групации, па дури им служат како едно тестирање, а нивните истомисленици од оваа говорница после се служат со таквите наслови.

И ова сакам да го истакнам дека во новинарството слободниот говор е толку либерализиран, што е чекор напред кон либерализација на општеството. Но, не значи дека се што се пишува тоа е и аргумент и факт, дека тоа е точно. Во последно време се случуваат такви случувања и пишувања по разни медиуми што уште дента спласнуваат оти не се реални, не се вистините, туку се чисти лаги, клевети и т.н. А потоа можеби за тоа ова Собрание ќе расправа на една седница токму и за законот за јавните институции, било да е печатот, било да се електронските медиуми или печатот. За мене не е аргумент овде да се направат и да се набројат една по една неколку такви новини, кои заради својот комерцијален интерес на сензационален начин ќе напишат наслов на насловна страна, за кого од опозицијата, почнувајќи од нашиот претседател на партија господинот Џафери, за кого претседателот на Собранието воопшто обрна внимание да не се спомнуваат луѓето кои не се овде присутни, но морам затоа што вчера ова беше спомнато. Во тие новини што за мене се квази - новинари кои немаат доблест на новинарство, дефакто судот или органите на проводот треба да одговараат пред судот на честа, затоа што се служат со разни клевети и лаги и невистини.

Но, зошто тоа се случува, затоа што кога се работи, барем за нашиот претседател на партијата кој исто така е и пратеник на ова Собрание, затоа што против него нема никакви други аргументи од политички карактер, против неговите алтернативи, идеи и визии за ова општество за оваа држава, единствено им останува да го оцрнат или да го намалат неговиот дигнитет, авторитет и кредибилитет со разни лаги, невистини, што во последното се покажа кога новинарката од "Старт", "Фокус", се служат со разни имиња. Можеби е во право, бидејќи не ја знае ниту лексиката на албанскиот јазик и меѓутоа за таков потфат што таа си зеде за право би требала барем морално да одговара.

Дури имаше и такви кои, не знам пред која седница истиот господин Џафери го спомна дека си шета горе – долу, кога кај нас врие од проблеми. Па шета, тој е лидер на една партија, релевантна партија, партија со углед не само во Македонија туку и надвор од неа и тој, како лидер навистина е секој ден на средби со разни лидери и од Европа, од Америка и од каде не. Затоа, тоа е негов авторитет и кредибилитет.

Напротив, овие пишувања за него, наместо да го понижат, уште повеќе го увеличуваат.

На крајот би направил една компарација, за што нема да дадам коментар, како може еден мој колега од мојата партија 10 години, значи трет мандат како пратеник до ден денеска да не смогне сили или материјални средства за да има една стара "101" - ка, а истиот тој другиот од опозицијата кој е исто 10 години на функција, но со една разлика што еден мандат бил министер, денеска се вози со кола од 60 илјади марки, со 2-3 стана во Скопје, нова куќа, а во 1990 година патува како пратеник автостоп од неговото родно место до Парламентот.

И на крајот, време е како Собрание, да го донесеме Законот за антикорупција, што беше на јавна расправа и време е како Собрание и како пратеници да донесеме одлука за регистрација на сите имоти, подвижни и не подвижни на сите нас овде, подвижни и не подвижни, на извршната и на судската, за да биде така регистриран целиот имот при стапувањето на функција па се до крајот на мандатот и после завршувањето на мандатот.

Инаку, народот вели "рибата смрди прво од главата, па после од опашката". Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Алириза Лога.

Има збор господинот пратеник Прангоски Илија.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници, На почетокот најнапред сакам да

кажам дека, според мене е сосема разбирлив големиот интерес што оваа точка од работата на Собранието на Македонија, Извештајот на Анкетната комисија за јавните набавки предизвика во јавноста, а според дискусиите и кај пратениците. Сметам дека е тоа во ред и апсолутно нормално. Не нормално е ако би било поинаку. Зошто?

Еве зошто така мислам. Ајде, сите овде во салата и сите во Македонија барем за еден момент, кратко, додека трае оваа седница, оваа точка да се преправаме дека овде присуствува и тука е меѓу нас правната држава, не само во овие клупи, туку и надвор, во Македонија, дека функционира и дека е воспоставена. Само да се преправаме дека е тука. Дека сме ја воспоставиле.

Впрочем, како народни пратеници и сме обврзани пред оние кои не бирале да се залагаме за тоа секаде и на секое место. Ако е така, ако е тука присутна правната држава, тогаш нејзе и се туѓи многу работи, меѓу кои таа не го познава поимот корупција, не го познава поимот криминал или се бори против него, не го познава поимот организиран криминал или се бори против него, не ги познава термините злоупотреби од сите видови на службените положби и на службената должност. И тогаш, доколку така функционира, тогаш ќе биде за сите подобро, верувам и сигурен сум најмногу за граѓаните на Македонија, оние кои се крајни испорачатели, односно плаќачи на она што се прави во сите сфери во сите кругови.

Од тој аспект, затоа и се согласувам со работата на Анкетната комисија и веднаш на почетокот на моето излагање сакам да кажам дека и јас сум еден, исто како и сите пратеници на пратеничката група на ДА, кои ќе се залагаме и ќе побараме пред другите пратеници и пред Собранието оваа Анкетна комисија да продолжи да работи и понатаму. Да има опфат и за јавните набавки што се вршат сега, во сите сфери, во сите сегменти и сите министерства. Ова не го зборувам од одредена лицемерна позиција, туку сакам да го пренесам моето лично мислење и ставот на пратеничката група, дека токму заради обидите вчера, посебно на почетокот на дискусиите, да се направи измена на тезите и промена на обвинувањата, односно да се оди на едни конкретни податоци, факти, со напад, велат дека бил најдобра одбрана, но не секогаш, од тие причини реков ќе се залагам Анкетната комисија да го продолжи својот мандат и да направи опфат и на она што сега се случува и се случува со јавните набавки во Македонија, така многу работи ќе слегнат и нема да се користат во разни, па дури и новинарски трикови и шпекулации, разни информации и дезинформации.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:** (Продолжение)

Затоа мислам дека, Собранието треба да ја поддржи работата на Анкетната комисија, не затоа што таа треба да претставува современа форма измислена за модерен лов на вештици, или на реваншизам на хајки, туку заради следното: Доста овој Македонски народ, сите граѓани на Македонија, кој како ќе стигнел и кога ќе стигнел го ограбувал. Да се подигне нивото на свеста е тешка работа, меѓутоа е најблагодарна работа. Свеста е општествена во овој случај, не само на граѓаните, туку тоа е многу важно и за политичарите и за носителите на јавни функции, дека секој во една правна држава може и треба да сноси одговорност доколку работи нечесно и ја користи довербата на народот за да остварува или оствари лична корист. Од друга страна тоа автоматски значи и многу добра опомена, за што нешто подоцна ќе зборувам и за сегашната власт но и за идната. Впрочем да Ве потсетам, многу добро знаете како заврши творецот на цела Германија, после неколку финансиски скандали кои што излегоа и кои што беа само партиски.

За жал кај нас не е така ситуацијата и не била никогаш, меѓутоа не значи дека не може да биде. Кај нас ситуацијата, за жал, е обратна. Одредени личности поранешни носители на тие високи функции, не само што не сносат или не сноселе досега никаква одговорност за своите постапки. Кој зборува овде дека овој Парламент ќе се претвори во кривичен дом или суд, или ќе бара политичка одговорност. Тоа се некои на кои им поминала функцијата, па сега нема резон и ја депласираат.

Се работи за нешто сосема друго, многу по значајно, а тоа е дека тие личности досега не сноселе никаква одговорност и своите срамни постапки, туку напротив досега на ниеден од нив, не знам јас ни еден на кого влакно од главата му фали. Напротив, и понатаму дрско безобразно и би рекол дури и со одредено чувство на первезност делат лекции од морал, чесност, продаваат памет и интелект, преку разни медиуми, така наречени независни, а всушност многу добро контролирани. Реков делат лекции и се дрзнуваат да бидат се уште активни водачи на разни фондации, асоцијации и т.н., како ништо да не било, помина караванот кучињата си лаат. Создавајќи една лажна слика во Македонија дека се скоро не

заменливи, апсолутно не заменливи, како од бога дадени луѓе кои можат што сакаат да прават никому да не поднесат одговорност и дека без нивна памет Македонија не може да постои, наместо некаде да се сокријат од сопствениот срам за она што го правеле, или за она што требале да го прават тогаш, а не го направиле.

На крајот од овој дел да кажам, зошто сметам дека треба да постои Анкетна комисија за испитување на овие јавни набавки и зошто тие не треба да се сфаќаат како таква современа форма на организирана хајка, или за вид на реваншизам. Затоа што господа се поставува прашањето на општествениот морал, за нивото на општествениот морал, граѓанскиот морал и вкупниот морал на едно граѓанско општество. Со други зборови веќе кај народот, кај граѓаните кружи и е усвоена една узречица "ако можат овие големиве, зошто да не можеме и ние". Од прилика така е таа узречица. Така се создава постепено ама сигурно една многу сигурна појава, социолозите и тие што се занимаваат со по интензивна политика знаат.

Тоа е така наречена аномија во државата, кога луѓето се чувствуваат беспомошно, се предаваат на она што се случува, кога никој не чувствува никаква сигурност, кога сите кои што се занимаваат со такви активности можат да бидат на одреден начин заштитени, амнестирани па повторно поставени на некакви јавни функции, или да отворат политички партии и асоцијации и движења, како ништо да не било. Таа аномија е состојба која значи комплетна не одговорност, не заинтересираност и несигурност на државата, односно дека е можно буквално се да се направи никој за ништо да не одговара.

Од оваа говорница треба да се потсетат граѓаните на Македонија дека, ова за што зборуваме и овие материјали овде, 500 страници и тие таму се работи за нивни пари. Предметот на овие испитувања на јавните набавки се парите од граѓаните на Македонија, даночниците македонски, по разни основи и уште е поголема обврската на ова Собрание.

Затоа не треба да одат тие тези во тој правец, дека овде некој треба да прави реваншизам, односно фрла прашина во очи за да ја прикрие сегашната, условно речено активност негативна на другите на сегашните, односно ова Собрание треба да расправа не за да ги подучува надлежните органи судски обвинителства институции како треба да работат, туку да се избори во јавноста да се пробие друга свест и да се пробиваа друга свест. Тоа е свеста за одговорност, чесност, не корумпираност и на крајот на краиштата зошто не и за казнивост. Односно, со други зборови треба да се каже дека имаме сили да се бориме против криминалот. Треба еднаш да се кажат кои се тие прави криминалци, кои се занимаваат со криминал, кој ги испрљале рацете во криминални активности, некој до лактите, некој до ракавите, некој до рамењата, некој цел, а не тие истите да изигруваат наоколу свети Деви Марии и да држат лекции дури од оваа говорница, бесрамно, како да овој народ има кратко памтење, бргу заборава и уште со извонредна и невидена арогантност. Не знам од каде ја црпат таа арогантност и зошто. Тие за кои зборувам мислам дека се препознаваат и можат да се најдат односно мора да се сфати дека не може да постојат во Македонија и било каде недопирливи моќници, условно речено, какви што имаше. Можеби и сега се создаваат. Луѓе кои може да прават што сакаат и за тоа воопшто глава да ги не боли.

Сега дали е депласирано Собранието да разговара и да бара политичка одговорност за функционери и носители на јавни функции, а кои сега не се на власт. Не е депласирано токму од овие причини, кои ако ги слушавте внимателно, верувам дека ќе се согласите, не само да држат, туку држат дебело водство. Сега ќе зборувам и за една друга бизарност и траги комичност, според мене, по ова прашање.

Завчера од собраниските материјали на моја домашна адреса стигна последната пратка, во која што беше и Интерпелацијата на министерот Никола Кљусев, од страна на пратеничката група на СДСМ, каде што ако се сеќавам добро четвртата точка е причина за Интерпелацијата и јавните набавки. И, замислете, интересна ситуација. Потписници на таа Интерпелација, се луѓе кои што се во овие материјали повикани за одредени активности, а тие сега се потписници за истата работа. Тоа се луѓе кои подолго време го водеа Министерството за одбрана г-динот Китановски и Благоја Ханџиски и сега четвртата точка во Интерпелацијата за сегашната работа на Министерството за одбрана е не спроведување на тендери за извршени јавни набавки, а овде имаме еден куп материјали и докази, какви работи се правени во поранешниот период. Тоа е една страшна бизарност. Или ќе научиме еднаш дека помина времето, ние правевме така, ама сега Вие немојте така да правите. Ние грешевме, ама немојте Вие да грешите, или

тие се опаметиле, знаат дека тоа не е добро па...

Сега нешто конкретно во врска со материјалот. Вчера и денес беше доста зборувано за јавните набавки во МВР, како се набавувани коњите, наочарите, сликите, уредувањето на вилата и т.н., исплата во кеш на фирмата "Анима" за уредување на вилата Водно на МВР, во износ од 93.770 марки, што е апсолутно казниво. Исплата во кеш на девизи, според член 111 од Законот за девизно работење, што е девизен прекршок. Но, замислете господа, г-динот Фрчковски, таа особа со точак и со штипка плаќа кеш и тоа во девизи, како да се парите од татко му или од дедо му.

Овде имаме еден полов извештај од Комисијата во МВР, во врска со трошењето на средствата за специјални намени, преку касите за специјални издатоци и посебната депо каса во МВР. Нема да го читам целиот извештај, ќе прочитам само дел, иако сигурно сте го прочитале. Вели вака:

"Средствата кои се прибирани во таа депо, каса, по разни основи во посебната благајна, се внесени средства во вкупен износ од 32.460 марки; 530.330 швајцарски франци, 120.222 САД долари и некои си 318.330 австриски шилинзи и 3.730.000 италијански лири и помал износ на други странски валути.

Комисијата утврди дека голем дел од тие депонирани средства спротивно на наведеното упатство се користени за набавка на опрема, потрошен материјал, префрлени се во редовната девизна благајна на МВР, во касите за специјални издатоци на ДБК и криминалната полиција за спонзорство и непосредно се исплаќани за оперативни работници на ДБК и криминалистичката полиција. Исплатен во готово, на рака, во кеш износ 728 илјади ДМ од таа каса и 225.390 швајцарски франци на "Еуроин-вест", "11 Октомври" во Прилеп, замислете, за набавка на компјутерска опрема по одобрение од г-динот помошник министер Саздов Славчо".

Оваа Комисија утврдила дека исплатата во готово е вршена спротивно на член 7 од Законот за девизно работење, а е казниво по член 111 од истиот закон и ред други работи.

Еклатантен е примерот за направена голема штета на држава Македонија, преку склучениот договор на МВР со ЗУЗ, за што зборуваа претходните говорници. Овде само сакам да кажам дека г-динот Фрчковски, кој тогаш беше министер со еден не критичен однос во потпишувањето на договорот, ја има директно оштетено оваа држава, во износ од 16 милиони ГМ и тоа според некого ништо не е, заврши работата, ќе се заборави, станаа Македонците по сиромашни за толку пари, се прелејаа парите таму каде што се прелејаа и треба брзо да се заборави и да се амнестира.

Не треба да се заборави, не треба да се амнестира, треба да се апелира до судските органи, јавните обвинителства, до надлежните институции, да не ги одолговлекуваат докажаните и да не ги кријат по фиоките кривичните пријави, туку да си ја тераат работата како што треба и овие работи да излезат на виделина побрзо. Еднаш мора во Македонија да се пробие свеста, дека не му е на никого дозволено што сака да прави, што сака и кога сака да краде, да прави разни криминали, и да се богати на туѓа сметка. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Пранговски Илија.

Според редоследот на пријавени дискутанти на ред е пратеникот Тилевски Митко, изгледа не е тука, Караџовски Жарко, и тој не е тука.

Има збор пратеникот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Дами и господа, не би сакал да ги анализирам наводите во извештајот, бидејќи им верувам на претседателот и на членовите на Комисијата, а и доста колеги тоа го направија.

Сакам да кажам некои свои размислувања за целата оваа работа. Пред последните парламентарни избори, многу реакции на стопански субјекти во весниците, спрегата на јавните претпријатија со некои функционери и одделни фирми во градежништвото, укажуваа на злоупотреба на службената должност.

Јас мислев, покрај Комисијата, новите раководни структури во министерствата и јавните претпријатија таквите работи ќе ги преиспитаат и ќе ги обелоденат. Впрочем тоа им е и должност при преземањето на новите работни места, да си направат пресек што превземаат. Сето ова со цел да се заштитат оние кои се споменуваат во аферите, а евентуално немаат никаков удел и соодветно на тоа да одговараат оние кои беа навистина инволвирани во разграбувањето на заедничкиот капитал. Меѓутоа што се случи? Отидоа, како по обичај кога се сменува власта некои директори и како по обичај ни еден политичар не сносеше одговорност. А што да

прават директорите за да преживеат они и нивните вработени, освен да бидат со власта, бидејќи така беа поставени фигурите во тогашното време, веројатно и понатаму ќе видиме.

Што станува со одговорноста за дубиозите во фондовите, со наместени лицитации во Телекомот, во јавното претпријатие со станбен и деловен простор, во Министерството за народна одбрана, со затварање на инвестициите кај јавните претпријатија, со формирање на опозиционен печат и ТВ станици, потпомогнати од тие фирми кои сега ги откриваат новите афери и ги покриваат старите, па си мислам да не е тоа и целта.

Да не зборуваме за оние ситни работи, поклонување на станови, давање станови на кредит по најповолни услови што и ден денес не се исплатени, да не зборуваме за уште по ситни работи, за земање плати од две места и од амбасадорско и од министерско и т.н. Вистина ли е тоа или не е. Ако е вистина треба да се каже. Ако не е, на кого му одговара да се одолговлекува. Јас се согласувам со еден пратеник од опозицијата, заправо ги има неколку, со една нивна изјава кога вика никого не сте затвориле, а говорите дека сме злоупотребувале.

Институциите на системот треба да си го кажат своето или треба да речеме, момци сте биле итри крадци, не можеме да ве фатиме.

Гладијаторските борби во Парламентот за поени кај народот за мене се непродуктивни, додека не излеземе со проекти во кои народот, во кој сите се крстиме, ќе види подобрување на стандардот, никој од нас нема да има позитивни поени. Многупати сум рекол за тоа кои земји се силни, по мое мислење. Оние, господа пратеници, каде што водачите се единствени а народот ги следи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Љупчо Анушев.

За збор се јави господинот пратеник Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, би сакал да потенцирам дека денес ние дискутираме по Извештајот на Анкетната комисија, за испитување на јавните набавки во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Архивот на Македонија, МАНУ и Републичкиот завод за судски вештачења, во периодот од 8 јануари 1991 година, па заклучно со 19 ноември 1998 година. Ова не случајно го потенцирам, бидејќи и мојата дискусија ќе се однесува токму на овој Извештај и за тој период.

Најнапред би сакал да ја пофалам Комисијата за нејзината работа, која навистина покажа упорност и решителност работата да ја заврши онака како што ние и дадовме доверба која ја формиравме со едногласно усвојување. Иако нејзината работа беше доста макотрпна, на очиглед на сите нас, оваа Комисија достави Извештај за определените испитувања во горе споменатите области, иако еден дел од нас, особено опозицијата во овој Парламент, не веруваше во такво нешто, правдајќи го истото со досегашниот период на работа на ваквите комисии, кои што обично завршија без поднесен извештај. Од еден аспект, и од друг, за кое нешто и лично беше заинтересирана, ваков извештај воопшто и да не дојде, како јавноста не би се сознала нешто за досегашниот начин во јавноста на набавките. Уште на прв поглед, а особено по внимателно читање на приложените извештаи, записници и материјали, неспорно ќе се констатира дека човечкото самоволие и неодговорност, опиена со функцијата која се обавува и желбата за профит, или како што ќе рече народот “леб без мотика" крајно резултира со недомаќинско работење, злоупотреба на службената функција, со краен ефект огромна материјална штета, финансиски загуби и слично, се на сметка на државата. Каде да се подведат и инаку да се наречат аномалиите во системот кога поединец е над државата, над законите во таа држава, како и над нормите на моралното однесување и принципите на правната држава?

За волја на вистината, денешната расправа ќе придонесе, ако ништо друго, барем јавноста да знае како одговорните луѓе во државата и од нив поставените лица се однесуваат при јавно доверените функции. Поточно, колку се почитуваат законските прописи во областа на јавните набавки.

Оправданието на опозицијата дека Анкетната комисија, односно анкетната цел има за задача да го сврти вниманието на јавноста за наводното лошо работење на актуелната Влада, со фрлањето на вината во однос на овие набавки на опозицијата, со цел да ја замолчи да не зборува за нејзините мерки, на кој начин се врши наводно рушење на

демократијата, е неаргументиран став на опозицијата, со кој се сака работите да појдат во друг правец и што е можно поубедливо да се избегне од досегашната одговорност.

Но, само по себе се наметнува прашањето зошто сегашната опозиција, а тогашната позиција, ако беше толку одговорноста и големо грижник за развојот на демократијата, не излезе пред јавноста со еден ваков извештај на тогаш формираната Анкетна комисија, која би ги испитала јавните набавки за време на нивното владеење, на кој начин би ги спречила или избегнала тврдењата дека некој, сега од позиција на власт, сака нешто да и наштети.

Од друга страна, ваквото тврдење на опозицијата ја доведува во прашање и автентичноста и вистинитоста на податоците во Извештајот на Анкетната комисија, што е апсурд со оглед дека во Комисијата учествуваа и претставници на опозицијата и самите беа сведоци на увид во документацијата и при составувањето и изготвувањето на записниците на Комисијата, па во тој дел можеа и да стават приговори по тој основ.

Од аспект на горе изнесеното, доколку опозицијата ги почитуваше правилата на демократија и доколку имаше намера да работи транспарентно, без да обвинува било кого, можеше и требаше да им објасни на граѓаните на РМ дека:

1. Парите што граѓаните редовно ги плаќаат и тоа во кеш на шалтерите на МВР за издавање на разни уверенија се наменети за разни спонзорства на џез фестивали, разни списанија, фестивали, спортски клубови, за авио билети, со кои одредено лице патува на Музичка академија во Келн и слично, иако според позитивните законски прописи МВР нема овластување да дава пари за разни спонзорства.

2. Дека одеднаш се укажа потреба за научно образование на вработените во МВР, по замислата на тогашниот министер господинот Фрчковски, па за таа цел истиот финансирал преведување на разни книги како: " Теорија на демократија" чиј автор е истиот, потоа "Култура на Византија", "Историја на политичките идеи", "Политичка структура во епохата на феудализмот во Западна Европа" и друго. Нема што, неопходно потребна литература за вработените во МВР. Без таква литература кој знае дали истите денес ќе можеа да ја вршат својата работна задача. Но, да претпоставиме дека тоа е така, ќе остане нејасно зошто една страница за превод е плаќана по 800 денари, а официјалниот ценовник, како и мислењето на Заводот за вештачење, кажува дека таквиот превод изнесува најмногу 300-400 денари од страница. Значи, 100% пробиена цена. Ова истото го знае и г. Фрчковски, но не е тешко да се претпостави зошто е тоа така.

3. Дека МВР не може без уметнички слики, скулптури и резби од разни автори, за што потрошил 3.137.773,00 денари, веројатно сметајќи да се претвори во нов музеј на Град Скопје, или големината на тогашниот министер не дозволувала истиот да седи во канцеларија без горе наведените работи, иако народот што го претставувал и на кого му служел се давел во сиромаштија.

4. Дека во МВР мора да има гостинска соба - вила, која еве треба да се реновира, во која најверојатно ќе дојдат гостите од спонзорираните фестивали, за која цел МВР исплаќа ни помалку ни повеќе туку 93.770 марки и тоа во готово на рака на сопственикот на изведувачот по разни основи: за намештај, турски килими, рамки за стакло и слично, при што одговорниот во МВР прави веројатно кривично дело, а такво се сомнева дека прави и изведувачот со оглед дека парите ги ставил во џеб, а не ги пријавил како приход, а за кое нешто би бил обврзан да плати данок на државата. Но ова е веќе работа на органите за прогон, па тие ќе кажат дали има и која е одговорноста и на чија страна.

Исто така, таа одговорна Влада, кога станува збор за Министерството за одбрана, можеше да им објасни на граѓаните дека:

1. Како последица на одредени неправилности во постапката за вршење на набавките, причините се и одредени штети на Министерството за одбрана во вкупна вредност од 2.128.875 марки.

2. Дека Министерството за одбрана не го почитувало Законот за јавните набавки и во најголем случај јавните набавки ги изведувал со непосредна спогодба, надвор од законските одредби и под сомнителни услови.

3. Дека е причинета штета во однос на квалитетот на исхраната на војницитв со набавките на одредени артикли за исхрана, како што се: набавка на корнишони втора класа, наместо прва класа и реколта 1997 наместо 1998 година, грав "тетовец" стар најмалку три години, за кој од Заводот за превентивна медицинска заштита, а врз основа на доставена мостра е констатирано дека е неупотреблив за исхрана, и покрај тоа се набавени 62 илјади килограми. Потоа разни сувомеснати производи и конзерви, за чиј што квалитет од истиот Завод било констатирано дека истите не одговараат на пропишаните услови, односно критериуми. Со ваква и слична храна сме го поттикнувале и развивале моралот на нашата Армија.

4. Дека е вршен увоз на воена и друга опрема по пат на посредници од страна на разни привилегирани добавувачи за дебели провизии и се по пат на непосредна спогодба. Колку за илустрација, само кај овие договори кај кои е посебно искажана увозничката провизија за анализираниот период, а тие се во доста помал број во однос на договорите во кои провизијата не е посебно искажана, таа изнесува 500 илјади германски марки.

5. За финансиското работење на Министерството за одбрана, каде што само ненаплатените побарувања, а доспеани, ги има од 5.587.128 ДЕМ, за кое нешто не водена грижа за наплатата на побарувањата од купувачите за извршената работа и услуга. Ако кон ова се додаде вкупниот износ на неоправданите аванси од 22.682.816 ДЕМ, кои се дадени за време од 1992 до 1998 година, кои скоро сите се дадени како бескаматни, за кое нешто не се барани ниту гаранции, ниту акцептни налози, банкарски гаранции, хипотеки и слично.

6. За набавка на НЕЦ уреди, за кое нешто заклучно со април 1999 година, се испорачани 2, а од исплатата на име аванс за 8 и потполно платени два уреди, произлегува дека на Министерството за одбрана му се испорачани само два уреди, а истото платило за целосни шест или 112.592 ДЕМ, добавувачот ги има на слободно располагање и тоа без камата.

Во однос на доделувањето на становите на незаконски начин, посебна приказна за која не сакам многу да дискутирам и да не елаборирам и други вакви примери, ги има доста во извештаите кои ги читавме со поделениот материјал.

Ако тогашната позиција, а сега опозиција, излезеше со едни вакви видувања и заклучоци во извештајот на тогаш формираната Анкетна комисија, сигурно денес немаше да расправаме по оваа точка. Ако истата се сомнева во вистинитоста на сите овие податоци, искажани во Извештајот на Анкетната комисија, истите сигурно дека ќе најдат потврда во органите за прогон и судските органи, па на тој начин најцелисходно ќе се утврди одговорноста на одредените субјекти, како и вистинитоста на показателите. Ако е нешто, оваа Анкетна комисија не го извади од памет, туку врз основа на увид во тамошната документација. Но, за волја на вистината, за јавните набавки по осум години повеќепартиски систем на владеење, повеќепартиско Собрание, овој состав на Собранието прв пат прозборува за истите со апостроф за одговорноста на вршителите на одговорните функции, анализирајќи ги набавките од Извештајот на Комисијата.

Самиот овој чин покажува дека, идејата на денешната власт или денешната гарнитура на власт е транспарентност во секој поглед, па и во јавните набавки, со јасен пресек што е тоа што го наследуваме, какви се состојбите во досегашните набавки и лесен увид во идното работење на одговорните лица.

Запознавајќи ја јавноста со овој извештај, на новата власт и престои сознание и искуство како да ги спречи вакивите и слични девијации во овој сегмент и од друга страна, и крајно одговорно вршење на власта, како не би ги правела и таа евентуално.

Во однос на одговорноста на лицата посочени во Извештајот, како лица за кои постои основано сомневање за злоупотребата на службената положба, односно должност, не би сакал да се впуштам во некоја посебна дискусија, оставајќи го тоа на работата на правосудните органи.

На крајот, да заклучам, Извештајот на Анкетната комисија во целина го поддржувам и сметам дека истиот е сеопфатен. Заклучоците во истиот ги поддржувам во целина, па од тие причини ќе гласам за нивно усвојување.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Жарко Караџоски.

За збор се јави господинот пратеник Митко Тилески.

**МИТКО ТИЛЕСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, како и самиот се надевав, дискусијата во врска со јавните набавки предизвика голем интерес, како кај нас пратениците, така и кај целокупната македонска јавност.

Сметам дека оваа точка на дневниот ред требаше да дојде и малку порано, но поради одредени објективни, но и субјективни причини, дојде на денешниот дневен ред.

За Анкетната комисија би се изразил дека стручно и професионално ја изврши до сега својата функција, што и ја дадовме ние кога ја изгласавме оваа Анкетна комисија, пред подолго време и сметам дека и понатаму треба да продолжи со својата работа, за даги расчисти овие девијантни појави што се јавија во периодот опфатен во Извештајот.

Целата дискусија се однесува на Извештајот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки во повеќе клучни сектори и тоа во период од 8 јануари 1991 година до 19 ноември 1998 година, во тој временски период се засегнати овие јавни набавки.

Моето размислување би го почнал сосема конкретно, од оној сегмент кој е фундамент на оваа проблематика, проблемот со присуството на јавноста во јавните набавки. Зошто? Зошто во периодот на фамозните набавки беше исклучена јавноста? Зошто партиската структура и според тогашните, а и според актуелните програмски постулати на тогашната власт направи холивудско сценарио за бришење на јавноста од сферата на информирање во врска со јавните набавки? Зошто едноставно јавните набавки беа надвор од пулсот на народот? Кои и зошто го кочеше тоа, би се прашал јас како и сите вие? Зошто Македонскиот народ немаше право да знае како тогашната власт ги троши неговите пари, зошто граѓаните беа изолирани од она што би требало да биде јавно и зошто тие самите станаа жртви на политиката да се прикриваат фантомските резултати на партиската олигархија во тој период. Колку пари се во прашање, колку пари се украдени? За колку милиони долари е оштетена државата? Што треба да направи државата за да го врати својот дигнитет? Зошто јавните набавки од страна на претходната власт остануваат и понатаму квази енигма. Повторувам, зошто нема одговорност за не одговорните јавни набавки од тоа време? Уште еднаш, каде е јавноста?

Во тој контекст на претходното, а токму претходното, дали кога нема јавност има место за транспарентност? Што е транспарентност кога нема корелација со јавноста? Транспарентноста е одново и одново блокирана, затоа што СДСМ ја забрануваше транспарентноста со цел да ја спречи јавноста. И сето тоа одново и одново во круг.

Транспарентноста има точна и конкретна цел, да отвори прилив на нови идеи, на нови размислувања, за секојдневни случувања околу тоа каде е, зошто е, каква е и кој е резултатот на гореспоменатите јавни набавки на некогашната владеачка СДСМ. И зошто повторно и повторно кругот се затвора кога се зборува за јавност и транспарентност и секогаш кога се во прашање оние кои се обидоа да ја уништат оваа земја. Останува само прашањето зошто.

Сега следува она што би било логично во секоја демократска земја: ќе ги класифицирам според одговорноста, санкциите, прашањата, подпрашањата, но секогаш на прво место ќе биде зборот зошто.

1. Зошто фамозните јавни набавки, преку режија на претходната власт, беа надвор од знаењето и информациите на народот?

2. Зошто во финалниот период на кражбата, не беше комплетно вклучен правосудниот систем на РМ?

3. Зошто Владата на СДСМ, не овозможи навремено информирање за висината на јавните набавки преку берзански систем?

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Зошто тогашната власт во клучните моменти ги исклучи медиумите да информираат за иницијативата и ефектите од тогаш фантомските набавки.

Зошто во моменти, кога се знаеше дека е направено класично кривично дело кражба, од страна на тогашната владеачка партија, не е покрената кривична постапка ниту на еден од осомничените.

Зошто јавните набавки немаа отчет пред народот. И зошто документите за нив,

неверојатно, ги чуваа како најголема партиска тајна.

На крајот, конечно, дали со такво педигре СДСМ заслужува да постои, како политички субјект во земјата.

Јас посакувам, ова да биде поука до сите оние, кои сакаат да направат хаос, до сите оние кои неодговорно ги трошат буџетските средства и до сите оние кои бесрамно го валкаат образот и честа на нашиот народ, на граѓаните и на нашата татковина.

Искрено се надевам дека вистината и правдата, ќе го најдат патот до вистинските победници.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Борче Сибиновски.

Има збор господинот пратеник Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Го молам господинот потпретседател да констатира колку членови на Анкетната комисија се присутни во Собранието, што значи нивниот мал интерес, за вака сериозни дискусии, значи ли дека пресудата е однапред пресудена, или залудно се води расправа.

Ве молам, да констатирате колку членови на Анкетната комисија се присутни во салата, кои што се предлагачи на материјалот што е на дневен ред.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Господинот пратеник, веројатно е во право, бидејќи втор ден дискутираме, навистина е слабо присуството, меѓутоа, Анкетната комисија достави заклучоци. Ние расправаме по самите заклучоци. Тие заклучоци не верувам дека ќе претрпат ревизија од самата Анкетна комисија, може да претрпат ревизија од целото Собрание.

Така што, од тој аспект не е неминовно нивното присуство, меѓутоа како пратеници сигурно стои дека треба да бидат во салата.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

По точките од дневниот ред, оправдано е што од Владата немаме ниеден претставник, бидејќи Владата не е предлагач на заклучоците за оваа точка.

Јас навистина официјално сакам да заклучите и да влезе во стенограмот колку членови на Анкетната комисија се присутни.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Заинтересираноста на почитуваниот господин, навистина беше потребна во овој момент, меѓутоа навистина од тоа што е тој досега знаел за Анкетната комисија, не ги знае ни членовите на таа Анкетна комисија.

Јас сум еден од предлагачите на овој материјал, што е доставен до Собранието на Република Македонија и во секој случај, целосно ја следам состојбата на дискусиите, од страна на позицијата и опозицијата. Доколку има одредена потреба, нешто како претставник на Комисијата да кажам и да дискутирам, тоа заедно со Комисијата го договоривме и доколку некој од почитуваните дискутанти имаат нешто да прашат за членовите на Комисијата, навистина сум тука да одговорам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Борче Сибиновски.

Јас навистина се согласувам со господинот пратеник Стојан Ковачевски, дека треба да бидеме овде присутни и дека се расправа за една многу важна точка. Нормално, ние не сме обврзани по деловник или на друг начин, да го констатираме точниот број на членовите на оваа Анкетна комисија. Значи бидејќи имаме претставник тој може, доколку евентуално се бара некој одговор од оваа Комисија.

Значи според мене имаме еден овластен од Анкетната комисија, а тоа е Борче Сибиновски. Тоа не го знаевме.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, злоупотребата на власта е можна на најразлични начини. Генерален начин на таквата злоупотреба е незаконското работење. А можеби, во рамките на тоа, незаконско работење, можеби најкарактеристичен вид на злоупотреба се јавуваат злоупотребите во сферата на јавните набавки.

Како последица на ваквите злоупотреби, може да дојде од една страна, до зголемување на материјалното богатство на соодветниот функционер. Кога говорам за материјалното зголемување на богатството, мислам на функционерите во извештајниот период, но не помалку опасна е и нематеријалната последица, а тоа е што може да дојде до нарушување на одредени легализирани односи во општеството и до нарушување на одредени утврдени принципи.

Моите колеги веќе говореа за мега бројките во јавните набавки, каде провизијата се движи во одреден сооднос од вкупната вредност на набавката.

Јас овдека, повеќе би се задржал на вториот аспект, на втората последица што ја спомнав, на нематеријалните односи. Токму тука би кажал неколку збора, за нарушуваше на принципот на поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, нивното меѓусебно немешање, како еден принцип и како втор принцип, се нарушувањата на принципот на презумпција на невиност. Ова го мислам како последица од злоупотребата на власта, односно незаконското работење.

Инспирацијата за ова мое обраќање ја црпам од извештајот од Министерството за внатрешни работи, по однос на така наречената депо каса. Основната намена, на оваа депо каса, како што и самото име кажува депонирање и чување на динарски девизни средства, одземени од сторители на кривични дела, или прекршоци, се до добивање на известување, за конечна одлука од судот, или друг надлежен орган, за исходот на водената постапка.

Ова подразбира, дека средствата кои ќе влезат во оваа депо каса, се чуваат се до правосилноста на одлуката, дали таа ќе биде во кривична постапка, или во прекршочна постапка, сеедно. И крајна дестинација, на овие средства, по правосилноста на одлуката е или враќање на средствата на оној, против кого била водена постапката, па била донесена ослободителна пресуда, или пак крајна дестинација, во случај на осудителна пресуда е Буџетот на Република Македонија.

Сега се прашуваме каде е тука злоупотребата. Злоупотребата е што тие средства, влезени во таа депо каса, ненаменски се трошени за најразлични намени. Да кажеме, тука се спомнува, спротивно на наведеното упатство се користени за набавка на опрема, потрошен материјал, префрлени се во редовна девизна благајна на Министерството за внатрешни работи, во касите за специјални издатоци на ДБК и криминална полиција за спонзорство и т.н.

Тука би ги спомнал две нај еклатантни бројки, 728 илјади германски марки се потрошени и 225 илјади 390 швајцарски франци за набавка на компјутерска опрема, како и за опремување на вила во Водно, околу 100 илјади германски марки.

Се поставува прашањето, каде е злоупотребата, односно каде е кршењето на законот. Сигурно дека дотичниот функционер не ги однел тие компјутери и таа вила дома, да си ги присвои за себе. Тука не се работи за потрошените средства, тука се работи за трошење не наменско од депо каса на парични средства, кој не смеел никој да ги чепка.

Зошто не смеел никој да ги чепка тие средства? Затоа што на тој начин, во оној момент, кога е дадена наредба за влечење пари од депо касата, директно е нарушено начелото на кривичната постапка за презумпцијата на невиност, бидејќи индиректно и априорно лицето против кого се води одредена постапка се прогласува за виновно. Затоа што, да се потрошат ненаменски тие средства, кои не смејат да се вадат од таа каса, тоа лице се прогласува за виновно и по некои индиректни патишта, би ги кажал, зад кулисни патишта, се сугерира на судот, како независна власт, да донесе пресуда, на некој начин да се прикрие таа наредба за ненаменско трошење на тие средства. Ова го говорам од сопствено искуство, како адвокат, бидејќи не малку се предметите и не мали се комуникациите помеѓу полицијата, јавното обвинителство и судството, кога се во прашање одземени пари, по било кој основ и против таквите луѓе, кога се води постапка.

Јас изведувам заклучок дека на тој начин, се крши основното начело во кривичната постапка за презумпцијата на невиност и начелото за немешање на извршната власт во судската власт. Се прејудицираат некои работи на овој начин.

Овдека би сакал да напоменам нешто, во врска со наметнатите тези од страна на опозицијата и медиумите што се контролирани од страна на опозицијата, за наводно инволвирање на актуелната власт во незаконито работење, која теза секако, е во функција на создавање на јавно вмнение, според потребите на опозицијата. Оваа теза, нагласувам дека воопшто не ме плаши, од причина што нема член или симпатизер на ВМРО-ДПМНЕ, кој би оправдал однесување на актуелната власт, како што тоа го прикажува опозицијата.

Сакам да ја уверам целокупната јавност во Република Македонија, дека опозицијата преку медиумите, што ги контролира и од една и од поедини марионетски вулгарни новинари, имаат единствена цел, да ја дестабилизираат позицијата, да ја дестабилизираат партијата ВМРО-ДПМНЕ од натре, а сето тоа е во функција на правење терен, за враќање на власта на оние, за чие незаконито работење, ние денеска расправаме.

**ДИМИТАР БАТКОСКИ:**

Почитуван потпретседател, ценети колеги пратеници, овој извештај на Анкетната

комисија, ценам дека претставува голем придонес во развојот на демократијата кај нас и заслужува целосно признавање, бидејќи тука е вграден огромен труд, се со цел да се расветлат многу девијантни појави од минатата Влада на СДСМ.

Ова според мене е една огромна студија, полна со факти, бројки и други елементи, од кои човек, ако само површно фрли поглед, останува зашеметен и без здив.

Јас нема да изнесувам бројки, денари, долари, германски марки и што уште нешто, кои се, кои што се двоеле многу лесно од Буџетот на нашата држава. Сите набавки, без разлика, дали со тендер, или директно во четири очи, оставаат мачнина и тоа од во наводници најситните набавки, како што се палети или чинови, до набавка на коњи, уметнички слики, до транспортери. Секаде има "бисер до бисер".

Што да се каже за сето тоа, јас немам зборови и сега ми доаѓа една мисла дека, вакви набавки, вакви трансакции, нема ни во колонијалните држави. Замислете, огромна сума на марки и долари, се даваат на рака. Господа пратеници, тоа го нема ниту на нашиот кванташки пазар, каде што се врши набавка на патлиџани, компири и зелка.

Ако ова помине без усвојување на Извештајот од Анкетната комисија, без ниедна пријава, а потоа и без осуда, мислам дека на сите нас ни нема спас. Ако ние како позиција, поминеме летимично кон вакви криминогени дејствија, тоа зборува дека и ние сме соучесници, или се подготвуваме да направиме нешто слично или како што рече еден г-дин пратеник, дури и 6 пати повеќе од ова.

Затоа, ова според мене ќе биде вистинско училиште за сите генерации политичари, како во минатото, така и за сегашноста, а уште повеќе и за иднината. Со оваа расправа, ние како Парламент сме исправени и го полагаме најтешкиот испит за нас и за нашата држава и за сите граѓани во Македонија.

Од тие причини, јас предлагам овој Извештај да се отпечати во посебно издание и да може секој да го прочита, да го види и да проникне во него, да ѕирне како се трошат неговите пари, што буквално ги "двои од сопствената уста". И како поука, во иднина да избира кого ќе го избере и како ќе ги троши неговите пари.

Јас гледајќи ги овие материјали, мислам дека сигурно, заслужуваат и поголема анализа и студија, од ова можат да се направат и магистратури и дисертации, кои што ќе останат во трајна вредност. Меѓутоа, вака како што ние знаеме работите да ги тераме, ова е ставено сето под деловна тајна. Ова треба да го знаат сите како обично четиво сите да го проучат, а не само за пратениците, а на другите да не им биде достапно.

Министерството за внатрешни работи, кој треба да биде пример за другите министерства и кој треба да биде чувар и спроведувач на законите, замислете, тој е "ороводец" во сомнителни зделки, во зделки кои можат да се видат и без очи, дека имаат за цел да се "исперат" огромна сума на пари, не во илјада, не во стотици, туку во милиони германски марки. Тука не заостанува ни Министерството за одбрана.

За да биде сето тоа уште по несфатливо, тука "ороводци" се видни личности, врвни претставници од СДСМ и Социјалистичката партија, а секако да биде уште по не сфатливо, тоа го прават универзитетски професори, кои треба да образуваат и воспитуваат генерации, правници, инжињери и на крајот на краиштата, да бидат личен пример за многу нешто.

Мене посебно ме чуди, по вакви факти и бројки, членовите на опозицијата имаат образ да застанат во одбрана на тоа. Верувајте, почитувани пратеници, ова не може да се одбрани. Со вашите дискусии уште повеќе си ја усложнувате вашата состојба и на вашите колеги, кои не се присутни, вие наместо да им помогнете, си одмагате и самите себеси. Вие имате ораторска способност, Вие можете многу да дискутирате, а ништо да не кажете. Тука не треба дискусија. Тука сами за себе зборуваат овие бројки, овие испрани долари, марки и денари.

Затоа, за мене ќе беше подобро, овој извештај да се усвоеше без дискусија и онака, бидејќи овој извештај го примивме како тајна. Јас не знам што е тука тајна и би сакал да знам кој тоа го прогласува за тајна, за доверливо и зошто. Еве да го земеме извештајот од Републичкото обвинителство. Тоа за мене, исто така, не би требало да се прогласи како тајна, бидејќи многу од тие набележани елементи во тој извештај ние сме ги слушале со години наназад од пишаните електронски медиуми, а што има во нив, господа пратеници, сами се уверивте. Што е тука тајна. Еве една страница е исполнета само со тоа дека се поднесени неколку кривични пријави против пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго.

И тоа ли е тајна, и зошто е тајна. Да кажеме, Обвинителството и целото судство, што направило и што ќе направи и со овој наш извештај, е тоа е тајна. Тајна е што кривичните пријави поднесени од пред три години, еве имате во извештајот од 1997 година, во извештајот од Обвинителството ни кажуваат на нас пратениците дека се уште се истражуваат тие дејанија и се уште тоа е во фаза на истражување и за тоа не известуваат нас, ни го ставаат нас до знаење. И, да биде иронијата уште поголема, дури и трагично, не кои овдека тоа го прогласува за тајна. Каква е таа тајна? Што истражуваат тие? Какво е тоа обвинителство, какво е тоа судство на крајот на краиштата. Па, ве молам, што сме ние и за што не сметаат. Да веруваме на вакви тајни?

Јас предлагам ова да не е тајна, затоа што за тоа што некој го прогласил за тајна, се крие нечија неактивност и се сака тоа да остане само на пријави и ништо повеќе. Јас тука би се поврзал со дискусијата на г-ѓицата Шеќеринска која што рече ако, еве сега го усвоите овој извештај, па однесете пријави и што, вика, ако утре од тоа не испадне ништо. Значи, некој овде однапред знае дека од ова ништо нема да се успее. Замислете, во каква состојба сме доведени, ние како пратеници. Зошто ние, сето тоа и ова и да го знаеме, треба да се прејде преку тоа, па не мора толку дискусии, па ни толку пријави да поднесуваме, ако некој однапред го знае како ќе завршат тие пријави. Како што и досега.

Јас ќе го поддржам овој извештај, но додека не се направат вистински промени во нашето судство и овој извештај, и другите пријави ќе бидат тајна и за нас и за целиот овој наш народ напатен.

На крајот, предлагам, оваа Анкетна комисија да продолжи со работа и да бидат опфатени и другите министерства, како што е, на пример, Министерството за образование и Министерството за правда.

Во Министерството за образование, како што знаеме и од пишаните медиуми и од електронските медиуми, се испрани големи суми на пари, при што и ден денес парите се потрошени, целосно се потрошени, а работите не се завршени ни 10%, некаде дали и толку. А ова министерство имаше пари да изгради нови школи, да санира нови училишта, да се створат услови каде што ќе учат безгрижно и во добри услови нашите деца. Но, од сето тоа ништо.

Затоа, предлагам и ова министерство да дојде на дневен ред, и оваа Комисија не е лошо малку да ги проучи тие работи, ништо друго не само за нас па и за тоа министерство, и за сите нас да ни биде појасно. Да го земеме Министерството за правда. И тука има доста работа за Анкетната комисија, бидејќи тоа беше уште пред неколку години кога се распраавше за тоа, се водеа полемики во штампа во врска со изградбата на Судската палата, која што за жал се уште се гради и уште тогаш во новините се влечеше името на тогашниот министер од СДСМ, Туше Гошев. И од тие причини заради тој министер, заради партијата СДСМ, и заради сите нас треба да се види ако навистина нема тука ништо ќе се каже да знаеме сите ние, а вака сме доведени сите во една апсурдна ситуација.

Јас на крајот морам да кажам уште еднаш дека овој Извештај го поддржувам и тој да ги разоткрие и многу други елементи кои што тука се на повидок и кој што веќе се изнесени.

Јас на крајот морам да кажам дека минатата власт која што Анкетната комисија овој извештај го прави за тие конкретни министерства, сепак имам впечаток дека таа била многу прецизна, според правилото на прецизност на Реј, каде што вика, мереле со микрометар, бележеле со креда, а сечеле со секира.

Јас на крајот би сакал да кажам во оваа прилика, да го кажам Черчиловиот коментар за човекот. Од време на време, човекот се сопнува од вистината, но во поголем број случаи, тој си се прибира и пак продолжува. Ви благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Батковски Димитар.

Има збор г-ѓата пратеничка Божиновска Валентина.

(Само процедурално пратеникот Сибиновски Борче).

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Заради тоа што беше спомната Анкетната комисија, од претходниот дискутант, јас само да надополнам дека на првата своја седница Комисијата за испитување на јавните набавки на министерствата, Владата и Собранието на Република Македонија, до сите јавни претпријатија и до сите министерства, испрати писмено барање за доставување на она што го баравме како биле водени јавните набавки, што значи дека и до

Министерството за правда и до Министерството за образование, се испратени такви писмени барања, за да до Анкетната комисија бидат доставени работи, што тие ги работеле во јавните набавки во овие две министерства. Ви благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Борче Сибиновски.

За реплика се јавува пратеникот Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници.

Бидејќи сум спомнат во контекст на пријавите кои што ги поднел јавниот Републички правобранител и ги доставил тука некои по карактеристични пријави, од не знам, пет, десет илјади пријави што постојат во Македонија и тоа доставил од Јавното обвинителство тука во Скопје, јас уште вчера реагирав и сакав да прашам зошто е сето тоа направено под некоја тајност, под некои обланди и т.н., и кои се тие карактеристични пријави, од каде и од кои критериуми се тоа земени. А, јас вчера за тоа одговор не добив, но во исто време тоа беше под многу некоја страшна тајност поставено, како не знам што да се работи, а веќе во вечерните часови Радио Скопје, слушам и Канал 5 сето тоа го објавиле.

Значи, не е веќе тајна, а се работи за монструозни конструкции, за еден чист политички маркетинг и реваншизам, јас ќе побарам и ќе доставам информации да се отвори расправа јавна и да дојде тука јавниот обвинител, кој веќе не осудил практично. Инаку, може за секого пријава да се поднесе, па и кога поминуваш на улица да ти свирнат пријава, а и секој на секого може, но зошто се поднесува тука сега треба да се види. Кој се мотивите, кој се целите.

Дотолку повеќе што вие знаете тука во Парламентот во 1998 година на мене ми се укажа дека ми прети голема опасност за мојот живот. Па, јас сакав сега да ве известам дека на 31 декември минатата година беше на мојата куќа фрлен молотов коктел. Затоа и јас сега седам тука позади, барем грбот да ми биде заштитен.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Се извинувам, вие влегувате во дискусија, ова не е тема за на расправа, Ве молам.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Добро, ќе завршам, без да се нервирате, знам дека непријатно е сето ова што се слуша, а се работи за многу нечесни и валкани работи.

Сега се прашувам кој е се вмешан во овој тероризам. Да не е внатре и самиот републички јавен обвинител, се поставува прашање, затоа што тој е еден од учесниците на овие конструкции. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

За збор се јави г-ѓицата пратеничка Божиновска Валентина.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, уважени колеги, јас навистина ќе го замолам господинот Љубисав Иванов - Ѕинго да не ги нагрдува луѓето кои не се присутни, а особено не од ваков доверлив документ, што господинот Ставре Џиков, обвинителот, тој само постапил онака како што е востановениот правен ред и се друго што е понатаму во вашиот однос со него, би можеле тоа да го искористите со личен однос.

Меѓутоа, не дозволувам додека сум пратеник овдека да се спомнува неговото име, не на ваков начин, се разбира. Ќе бидам многу кратка, а се разбира и господинот Туше Гошев апсолутно, бидејќи беше во контекст на дискусијата.

Уважени колеги, ќе се обидам да бидам многу кратка, од едноставни причини се решив дека овој миг нема да ги отворам страниците на извештајот, нема да изговорам имиња, не би сакала да изговарам бројки, особено, не би сакала да го употребам зборот криминал или нешто што е деградација на некои личности. Она што го добивме како краен материјал, како извештај, нека остане само како една колективна напомена, но се разбира, ќе гласам за заклучоците на Анкетната комисија.

Би сакала да се осврнам на нешто што е сосема крајно важечки елементарно, а еве да кажеме, никој од говорниците не се обиде да го гибне како прашање, да му се наврати. Можеби сме имале и повеќе пати причини да изговориме една таква работа, можеби и меѓу нас да се посоветуваме или да го доискажеме гласно пред македонската јавност.

Затоа, ќе ми дозволите да кажам дека има едно непишано правило, а особено тоа се однесува на посиромашно економските земји, ако сакате можам комплетно да одговорам и во кои земји е веќе статистички со показатели, универзално покажано дека тоа се случува, за разлика од повисоко развиените земји дека единствените два порива кои се наметнуваат, особено во општествено - политичкиот систем, на крајот на краиштата на луѓето кои ја имаат политичката функција, на луѓето кои се функционери, следните два порива. Тоа е поривот на моќта и поривот на слава. Ќе се обидам да ви одговорам зошто го мислам тоа.

Во по неразвиените земји се пласира еден круг, една група на луѓе, кои се неминовно поврзани во политичкиот систем со одлуките во политиката, во власта. На крајот на краиштата тие донесуваат главни и важечки одлуки, кои ќе се наметнат во општеството и да кажеме особено во последните 9 години, тоа можеше да го видиме и со присуството на поранешната политичка гарнитура, со владеењето на СДСМ. Ќе разговараме и понатаму и ќе видиме како тоа ќе следува сега и со новата власт, меѓутоа дека славата и моќта идат заедно и дека оние луѓе кои ја имаат моќта на парите дека оперираат со стравот на луѓето, оперираат со, за жал најсиромашниот дел на населението, односно оперираат со народот. Така што, многу беше важно во изминатиот период да се појаваат луѓе кои ќе се дрзнат единствено само заради тоа што се на важни политички функции, да си дозволат, без да се поведат на сопствениот индивидуален вроден принцип, а тоа е принципот на чесност или пак воопшто го немале дека би можеле да се дрзнат да си позволат за себе да му одземат нешто што му припаѓа на овој народ или што едноставно му било дадено во касата од овој народ.

Сеедно, јас денеска не би се задржувала на бројките и на онаа документација која ја добивме, туку би сакала да одговорам на едно емпириско прашање, бидејќи чувствувам должност дека сум одговорна да одговорам, но не Вам овдека туку на македонската јавност и на мојот народ. Дали конечно во политичкиот живот во Македонија можеме да изговориме дека ќе се промени искуството, дека ќе се сретнат постапки на една доброволна справедливост на луѓето кои се функционери, на доброволна праведност, не користољубивост, чесност, во основа на сите постапки и на сите функции кои се наоѓаат.

Одеднаш во Македонија се фрли анатема дека, сите луѓе кои ќе влезат во политиката, сите луѓе кои се функционери, дека тоа значи веднаш, брзо благовремено збогатување на истите. СДСМ, за жал го воведе тој код на однесување и мене ми беше навистина, денеска едно непријатно чувство на една помлада колешка, која всушност, имаше една единствена побуда, да направи една двојна неправедност. Во социолошките политички истражувања се мисли дека двојната неправедност, всушност е исто така е еден ментален криминал. Зошто го велам ова? Затоа што, ако некој постапил и ако некој ограбил од својот народ, но во исто време ако некој се јави и ако некој се обиде тоа да го затскрие, во истиот миг се случува тој ментален криминал.

Така што, сите овие дискусии, кои ние денеска и вчера ги имавме паѓаат во вода, заради некакви мудрувања, некакви софизми и станува меур од сапуница ако ние не му одговориме на овој народ, дали понатаму било да е тоа СДСМ, било да е тоа ВМРО-ДПМНЕ, ќе го имаме оној Гетевски извик на Ефигенија, дека е сега време и никогаш повеќе да ја имаме моќта. Да не дозволиме дека поединците, а тоа не значи дека се случувало колективно во СДСМ или пак сега што сакаат да ги променат тезите дека во ВМРО-ДПМНЕ се случува.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:** (Продолжение)

Затоа би сакала да дадам неколку акциони, простете ми што тоа не се синтагми, туку се акциони, а тоа се следните: дека ниту една постапка не може да се случи без достаточен мотив. Тоа значи дека оној кој тоа го направил, дека тие луѓе кои ние ги имавме, а овде беа прозвани на говорницата, беа изговорени со име, а јас кажав дека тоа нема да го направам, дека тие луѓе имале краен мотив во себе. И, дека тие луѓе во својот карактер го поседувале тоа. Дека тие тоа го направиле, - тие едноставно го ограбиле својот народ.

Втората аксиома - дека не може да изостане постапката, за која што е присутен доволен мотив, соодветен на карактерот на тој човек; и

Трето, дека секоја постапка, слична, ако се заснива на штета на другиот, е

всушност краен егоизам.

Партијата што ја имаше власта 7 години, СДСМ, единствено го имаше своето политичко кредо дека, најважна е волјата пред самосвеста, дека некои луѓе се дрзнаа да помислат дека сега мене ми е извонредно да го направам ова убаво и јас тоа ќе го направам. Дали се тоа 1 милион, 2 милиони, сеедно. Се додека не се дрзне, длабоко во себе, кога ќе ги потпишуваме пријавите во политичките партии, кога ќе ги потпишеме пристапниците, дека -јас сум чесен човек, дека јас никогаш со ниту една мала постапка нема да го навредам мојот народ, немаме никогаш право да бидеме функционери на партиите.

Неправедните постапки или пак квантитетот на неправдата е постојано ист или пак, дотолку голем колку некогаш да се дрзнете да го лишите некого од слобода, да изговорите дека е некој нечесен, да ја лишите неговата сопственост или неговата чест. Но, тој квантитет е исто така голем и може да биде различен. Само ќе наведам неколку примери. Оној кој многу гладен, кој е бескрајно гладен и сиромашен, ќе се дрзне да украде леб. Меѓутоа, во истиот тој миг, тој човек прави неправда. Меѓутоа, колку е мала неговата неправда во однос на она што богатиот, на било кој начин од сиромавиот ќе ја одземе неговата последна сопственост? Богатиот бизнисмен, кој можеби, седи во пратеничките клупи, ќе ги исплаќа дневниците и велиме дека тој постапува праведно.

Меѓутоа, се прашувам колку е оваа праведност голема наспроти онаа на сиромашниот што доброволно, кога ќе пронајде изгубен паричник, ќе го врати на богатиот. Затоа, се се сведува на она што е поставено во Физиката и во Математиката, на синусот и тангентата. Големината на неправдата на украденото нешто, е сигурно толку многу голема колку на оној кој во истиот миг ќе ја добие големата корист во своја полза, односно ќе го добие своето богатство. Но, затоа пак е десет пати поголемо на тој што ќе му го оттуѓи. Во овој случај она што е одземено на нашиот народ.

Затоа, би сакала сите тука заедно да се обврземе дека не постои кловновско однесување, не постои ласкаво однесување, дека постои само едно единствено однесување, моралното етично однесување на луѓето кој се занимаваат со политика. Затоа ќе се послужам со една синтагма дека е многу едноставно во животот да приповедате морал, но е многу тешко е да основата морал. Затоа имаме една единствена важечка улога, во нашите партии да основаме морал. А, потоа, се е полесно. Вие, од СДСМ сте Македонци, ние од ВМРО-ДПМНЕ сме Македонци и припаѓаме на ист род.

Само пред неколку дена, да завршам со една мала приказна, движејќи се пеш низ градот, забележав еден поранешен министер кого сега го имавме во Анкетната комисија, навистина не можев да го препознам, бидејќи беше во својот автомобил. Напати помислив дека е некое друго момче, имаше перчан, имаше убава фризура, гумата за џвакање ја џвакаше малку по агресивно отколку е природно за еден човек, се нишаше во ритмот на музиката на својот автомобил и се смееше самиот себе си. Зад мене имаше луѓе кои го искоментираа тоа вака - Тоа е Фрчо. Тогаш забележав дека е навистина Фрчковски, поранешниот министер на СДСМ и помислив на нивниот одговор дека, да тоа е Фрчковски, поранешниот министер, но можеби го тргнаа момчето, ама е добар теоретичар, одличен познавач на нештата.

Сакам да му кажам и на мојот народ, дека всушност не може да постои голем човек ако во себе нема голема чесност. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеничката Божиновска Валентина.

Има збор пратеникот Лазаров Илија.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседател, колеги пратеници, со осамостојувањето на нашата држава Македонија, мораше да ги формираме сите институции потребни за нејзиното нормално функционирање како европска држава. Со многу напори се воведе и повеќе партискиот живот, иако луѓето кои најдиректно беа инсталирани во институциите на претходниот систем, се обидуваа да докажат дека тие се вистинските и тие се луѓе за сите времиња.

Но, Македонскиот народ не мислеше така, па уште на првите парламентарни избори најголема доверба им даде на партијата ВМРО-ДПМНЕ партија која немаше ништо заедничко со власта од претходниот систем. Повеќе од партиите се трудеа да покажат дека хипотеките од претходната власт не им припаѓаат ни, туку на некои други. Но, македонската јавност одлучи така како што одлучи.

Замислете на Македонија и граѓаните кои живеат во Македонија, Партијата генерирана од дотогашниот СКМ-ПДП, пардон во СКМ-ПДП и тоа од медиумите нај ортодоксни членови, направија пазар и успееја ВМРО-ДПМНЕ да ја стават во

опозиција, иако на изборите доби најмногу места во Парламентот. И, се разбира, со тоа направија да го продолжат грабежот на сопствениот народ. Но, еве, после 8 години повеќепартиски живот, партијата ВМРО-ДПМНЕ во коалиција со ДА и ДПА ја презеде власта. Состојбите во државата, што политички, што стопански, што меѓуетнички, од луѓето кои владееја изминатите 6 години, ги наследивме во невидено лоша состојба.

Сакајќи да направиме каков - таков увид во работењето на нашите претходници, Парламентот формира Анкетна комисија за испитување на јавните набавки на одредени министерства и институции финансирани од Буџетот на РМ. Материјалите што ги добивме од инспекцискиот надзор и по кој може да расправаме, бидејќи е симната тајноста, се однесуваат на набавките чија содржина многу често, уште истиот ден е познато на пошироката македонска јавност, се разбира, оние кои ги интересира тоа.

Гледајќи ги материјалите, особено за вредноста на набавките, за какви милионски суми во американски долари станува збор и какво дрско однесување имале одредени министри и нивни потчинети во раситништвото, па дури и непријателски однос кон Македонија и Македонскиот народ, не е чудно што Македонија е доведена до ваква состојба.

Нашата голема вина како власт е што луѓето кои имале таков однос кон Македонија, не ги изведовме пред очите на македонската јавност и не ги предадовме на органите на прогонот, а не да седат уште дури и во пратеничките клупи и бесрамно да пробуваат да ја кројат политиката на РМ.

Сите овие работи нашите претходници ги чинеле последните 6 години, без некој да ги контролира. Ако не за друго, барем заради нив самите, зошто на Македонскиот народ, за Македонскиот народ се виде колку мислат. На улица се случува да ве сретнат луѓе и прашуваат зошто досега никој од арамиите кои направиле поголемо зло на Македонија, дури и од петвековното ропство под османлиите, не е осуден за неделата. Барем нека ги положат сметките за арамилакот.

Јас ќе речам - а кој суд сакате да ги осуди? Кога голем дел од судиите на еден или на друг начин се заложени како хипотека пред нашите претходници? Погледнете го ТАТ. Скоро сите битолски судии најдиректно се вклучени во таа афера. Како што знаеме, дури и нема кој да им суди на виновниците за дела што се случувале во Битола. Ако пак се случи некој да биде притворен за одреден сомнеж или ако се пушти одредена финансиска контрола на работењето, на некоја фирма, веднаш се вклучуваат информативните медиуми, бранејќи го зошто баш таму, зошто баш тогаш? Веројатно заради заедничките зделки и интереси.

Се согласувам дека Парламентот не е судница. Не треба тука да се донесуваат квалификации за тоа кој е виновен, колку е виновен и зошто е виновен. Тоа мораме да им го оставиме на органите на прогонот и судот, па какови да бил. А, за однесување на судиите и нивните пресуди, зборот ќе го каже Судскиот совет, иако тие судии се избрани доживотно. За дел од нив кои нечесно си ја обавуваат работата, мора да заврши мандатот пред време.

Ние, како власт мораме да направиме амбиент да се разрешат сите криминални дејанија на нашите претходници и сите кои работеле незаконито, што на Македонија и нанесле огромна финансиска и друг вид штета. Не смее никој да се амнестира. А, Парламентот е тука, потоа може да формира Анкетна комисија што ќе ги разгледа јавните набавки и на оваа власт. Само така можеме да одиме напред, а не бранејќи ги криминалците од која и да е сорта. Бидејќи, со тоа стануваме нивни соучесници, сакале да го признаеме тоа или не.

Да се заблагодариме на Анкетната комисија, јас тоа во овој момент го чинам, за потрошеното време и направените напори одредени девијантни однесувања во јавните набавки во периодот што го имаа на разгледување да излезе пред македонската јавност. И, на органите на прогонот да им дадат одредени показатели за тоа имало ли злоупотреби и како се вршеле јавните набавки, со што сакам да ја поддржам оваа Комисија да продолжи да работи и да ја дозаврши дадената задача од Парламентот. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи г-дин Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам г-дин Илија.

Збор има пратеникот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, посебно ценети новинари на оваа седница, толку важна за целата македонска јавност.

На самиот почеток сакам да кажам дека на оваа седница, од вчерашниот ден, од страна на опозицијата беше започнат еден

фронт за тоа дека сегашната власт е по корумпирана од претходната и дека сегашната власт, далеку повеќе има направено неправди од претходната. Воопшто не би сакал да правам било какви споредби на тој план со поранешната и сегашната власт. Крадците, злосторниците по било која основа се злосторници и тука нема преседант. Секој кој прави зло, секој кој краде, секој кој ја уништува државата по било која основа има подеднаква одговорност пред Законот во РМ и тука не смееме да направиме отставка ниту милиметар. Тоа ми е мене совршено јасно.

Меѓутоа, за денешната седница имаме точно извештај поднесен од Анкетната комисија. Прашањето за постоење на Анкетната комисија, постои или не, го апсолвиравме и претходно, прелиминарно укажавме на некои работи што треба понатаму да се направат, меѓутоа, за оваа седница, она што Анкетната комисија го сработила, навистина е добро и мислам како практика понатаму треба да се одвива постојано во Македонскиот Парламент.

Ќе бидам многу јасен и конкретен, ние како Собрание на РМ и како пратеници на некој начин, за разлика од извршната власт, ние како законодавна власт и како пратеници го губиме приматот што сме избрани од народот, имаме најголем легитимитет од народот, а од друга страна правиме покритие или легитимитет на извршната власт да ги прави сите злоупотреби во државата, да ги троши сите собрани пари во Буџетот, а за тоа немаме право како пратеници.

Немаме, затоа што законодавното тело на некој начин, треба да ја контролира извршната власт. Таа функција, мислам дека кај нас овие 9 години, трет мандат, мислам дека таа функција е нарушена. Тука треба многу длабоко да размислиме како понатаму да постапуваме, се со цел во тој систем на контрола на извршната власт да можеме да најдеме одреден механизам да не ги прават тие злоупотреби.

Извештајот од Комисијата воопшто не го отвори. Доволно ми е од сите оние кои досега зборуваа и од прибелешките што ги направив и од она што го има во животот поминато и во поранешниот систем и сега во овој повеќепартиски систем, доволно ми е јасно и совршено чисто, како се прави тој криминал од страна на извршната власт, министерствата - министрите, заменици министри и некои службеници во јавните претпријатија. Тоа ми е совршено јасно.

Во овој материјал има дословно кажано се како се вршени, тие трансакции и т.н. Меѓутоа, на некој начин, ние како пратеници се солидаризираме со таквиот криминал во Парламентот, затоа што голем број од тие пратеници кои денеска седат овде беа и актуелни поранешни министри. И ден денеска не им фали влакно на главата, а овде се уште по грлати, уште по речити и уште по големи контра напади прават, се со цел да се спасат од сето она што го правеле и што го нанеле како зло во Република Македонија.

Ваквите набавки, што ги вршала поранешната власт, јас мислам дека треба Анкетната комисија да ја продолжи работата и тука подеднакво се согласувам со сите оние кои зборуваат на оваа тема, дека тоа треба подеднакво да важи и за претходната власт и за оваа која денес владее во Република Македонија и сите такви неправилности што ќе се пронајдат во Република Македонија, треба да се изнесат во Собранието, а сите други институции во државата да ги проследат и да ги казнат така како што треба да се казнат.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:** (Продолжение)

Меѓутоа, цело време мене нешто ми се врти во главата и не ми е јасно што денешнава опозиција сака да брани од она што се случуваше во РМ, додека беа на власт, на позиција. Навистина не ми е јасно, затоа што таа голема групација на луѓе направи големи пари, денес отвораат одредени фабрики во РМ и јас не знам нивниот октопод дали и денес е се уште завршен или пак одредени структури на тој октопод се врзаа и со одредени структури од сегашната власт, бидејќи парата поткупува, парата понижува и парата влече напред, таа има вечна жед кај човекот и таквото зло ние воопшто не можеме да го спречиме доколку не се спречи на самиот почеток.

Еве, во овие извештаи тука беше споменат да речеме министерот за внатрешни работи, поранешниот министер за внатрешни работи, МВР . Бидејќи јас сум од Битола беше споменат и битолскиот графички завод, т.е. Печатницата "Киро Дандаро" и со право нашиот народ во Битола за одредени луѓе кои до вчера немаа ништо или така да се каже живееја под кирија, народот се прашува од каде најдоа толку големи куќи да речеме како директорот на Печатницата "Киро Дандаро" во Битола, кога тој бил врзан со МВР со одредени структури при печатењето на легитимации, при печатењето на патни исправи и т.н. и голем дел од тие буџетски средства се прелеа во печатницата и нормално заради тоа овој јак бизнисмен сега

менаџер, поранешен директор, ние во Битола ги викаме парталковци таквите луѓе. Денес тие се најголемите богаташи можат со далечинско да ги управуваат гаражите дома, да имаат најбогати италијански плочки, да имаат монтирано камери дома, за да не ги украде некој, да имаат најблиндирани врати за да не им ги земат украдените пари и т.н. Или пак да не зборувам за јавните набавки во РЕК - Битола, затоа што ова е малку овде што е во оваа папка од Анкетната комисија, од овие министерства. Само во РЕК да ги земете тие неправди и тие пари што се проневерувaa, јас можам да ви кажам како што тече 80% електричната енергија од РЕК за другите делови во Македонија, така течеа пари во приватни џебови.

И големи фирми и големи директори се направија најголемите богаташи во Битола, денес и влакно не им фали. Јас зборувам за состојбата во Битола, без разлика што овде и Анкетната комисија даде извештај, но тоа важи и за другите министерства. Значи, се одлеаа беспотребно пари, таму каде што не треба и затоа ние денес се наоѓаме во една таква состојба во каква што се наоѓаме. И затоа ние како власт денес имаме дупло поголема обврска и дупло поголема задача за да работиме многу повеќе, да активираме многу по чесни луѓе за да можеме да им го најдеме крајот на овие претходните, затоа што претходните со дел од нашите се солидаризира и веќе организирано работат, тоа треба длабоко да ја замисли и оваа Влада, денес ние сме како коалициони партнери и тука ако успееме таа папучна врвца да ја прекинеме, помеѓу поранешните кланови и групи и групации и со оние што сега се создаваат со одредени структури од сегашната власт, мислам дека патот за успешна битка кон организираниот криминал и кон поединци ќе биде многу поголем.

Инаку крајот јас не го гледам, додека ова зло еднаш не почне да се разрешува. Исто така, сакам да истакнам дека некои од опозиционите говорници зборуваа дека ние овде не сме судница, зборуваа дека не треба да браниме некого, дека ние се закануваме на одредени луѓе и го рушиме интегритетот. Меѓутоа, едно треба да ни биде јасно. За крадците не треба да има место никаде во РМ, освен во Идризово и на други места, пак е во РМ, но во одреден затворен простор каде што треба да си отслужат за она што го направиле. Ваквите озборувања овде во Парламентот дека некој изигрува кловн, мислам дека е сосема беспотребно, затоа што голем дел од таквите кловнови седат во овие клупи. Знаете зошто? Ќе ви кажам нај искрено и нај отворено. Кловнови во Македонија, всушност сега се оние чесните. Не чесните се на голема позиција, на голема цена денес во државата. Ако малку направите сондажа на јавното мислење, се цената луѓето што крадат, а кловновите седат без пари во овие клупи, или само за една мизерна дневница по 12 часови. Тоа треба длабоко да не замисли сите нас како пратеници овде.

Јас ве уверувам дека како пратеници ако не се свестиме само лошо покритие ќе и бидеме на извршната власт и на одредени министри и министерчиња за да прават што сакаат во РМ и да ги штимаат сите тендери и набавки во своја корист, а не во наша корист. Јас и затоа минатиот пат ги прашав овие златните од овде што седат, позлатените од овде, ги прашав убаво, кажете колку пари украдовте вие при ваквите зделки, за да знаеме колку ќе украдат овие нашите за да можеме да им судиме и да му направиме интерпелација на некој наш министер, од оваа Влада сега, а не да изигрувате кловнови и ноеви да ја закопувате главата во песок. Сега сте нај грлати вие што зборувате, а имате најмалку пари. Тие што имаат најмногу пари, куќите им се дадени сега на јавно наддавање за да се продаваат во Скопје, на одредени сменети министри од гарнитурата на Бранко Црвенковски. Не сакам да ги споменувам, поминете низ Скопје и на други места, ќе видите, поминете малку низ РМ, прошетајте да ја видите царштината поранешна, да видите кој прави фабрики, кој прави одредени зделки, од каде тие пари, потеклото на имотот на тие пари, па тогаш ќе видиме дали ние навистина сме ја одиграле правата функција во овој Парламент, или не сме ја одиграле.

И вака ако продолжиме лошо ни се пишува на сите, бидејќи криминалот ќе оди на поголема цена, а ние што сме вака малку по грлати ќе завршиме многу полошо, затоа што ќе немаме пари, а тие што имаат пари и железни врати отвораат и во Македонија и надвор во светот, затоа што тој што има пари ќе добие азил и во Австралија ако има милион марки или 500 илјади марки, а јас што немам ич, овде нема да ме сакаат ниту сопствените деца, па ниту жената нема да ме сака. Мене ми е совршено јасно дека поранешната власт направи катастрофа во оваа држава, украде толку колку што ние не можеме да замислиме колку украдоа и каде се наоѓаат тие пари.

Но, мене ме загрижува нешто друго, ние во оваа година и нешто не успеавме до крај некои работи да ги разобличиме што тоа тие го направија. И со право сега ни се враќа како бумеранг, кај нас дека еве, ние сме чесните, вие не откривте ништо, никој не затворивте, на никој ништо не му фали. Ние при промените во РМ коалицијата за промени рековме дека на сите ќе им биде судено според словото на законот, дека ќе се откријат сите девијантни појави, ќе се застане на патот на митото, на корупцијата, на организираниот криминал, на дрогата и т.н. Меѓутоа, ние треба да сфатиме дека битката со организираниот криминал и со ваквите набавки што ги прават во извршната власт и во другите јавни претпријатија треба до крај да се оди и да имаме општ консензус во РМ, затоа што тоа е еден од првичните услови за влез во ЕУ. Јас не велам дека на запад и во ЕУ нема криминал, но тој е сведен на оние разумни можни граници, што може да се контролира, може да се санкционира и т.н. Меѓутоа, состојбата кај нас и состојбата во пост комунистичките земји, каде што се изврши нагло една преобразба на капиталот како што рече поранешниот претседател на РМ, требало да се прелее капиталот. Кај нас буквално се сфати и навистина дојде до вакви едни драстични пореметувања и организиран криминал, при што се случија сите овие неправди.

Јас повеќе немам што да зборувам, едноставно на крајот уште еднаш сакам да потенцирам, доколку сакаме како пратеници да ја имаме функцијата како пратеници и како Собрание на РМ за контрола на извршната власт, дајте да се организираме многу повеќе, да го добиеме статусот како пратеници навистина да личиме на пратеници во Македонскиот Парламент, сите потребни средства за работа да се обезбедат за пратениците за да можеме да бидеме на едно исто рамниште барем со извршната власт, каде што ќе можеме да ги ставиме под некаква контрола, затоа што денес навистина министрите се недопирливи за нас. И тука треба длабоко да се подзамислиме. Ако тоа го направиме, јас мислам дека и преку другите институции на државата, а и директно со лични мерки на премиерот за потеклото на имотот на избраните функционери како на пратениците, така на министрите и т.н., ќе може да се воспостави поголем ред и дисциплина.

И на крајот со организирани средства на сите институции, на сите поединци во државата можеме овој организиран криминал и ваквите лоши дејанија да ги сведеме на минимум и спокојно да влегуваме во Европа како респектабилна земја.

Инаку јас мислам дека немаме добра иднина, доколку вака се продолжи.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, иако сме во многу мал број, меѓутоа сигурно досегашното работење по малку и не заморува. Еве, си зедов за слобода да излезам на оваа говорница и да искажам свои размислувања, поготово што како пратеник имам осет дека го должам тоа пред се пред вас пратениците, пред македонската јавност, бидејќи да бев и член до одреден момент на формираната Анкетна комисија и во моево излагање нема да споменувам имиња, нема да кажувам кој колку, што направил, или не направил. Сакам да искажам едно мое размислување кога се формираше Анкетната комисија можеби сознанијата што ги имав за еден демократски систем, одеа на тоа дека во сето она што го имам прочитано, сигурно не проучено доволно одеа на тоа дека анкетните комисии се формираат пред се за да носителите на јавни функции им се изрече во парламентарното Собрание позитивна или негативна оценка и со тоа политички да се доведат во состојба или да поднесат оставка или овој Парламент да ги разреши.

Меѓутоа, Анкетната комисија беше формирана на барање на мнозинството во овој Парламент за испитување на јавни набавки во изминатиот период и за личности кои се или не се на функции во моментот кога работевме, без разлика што тоа е многу убаво кажано во Уставот на РМ, во член 76 како пратеник реков дека ќе си ја вршам работата, бидејќи овој Парламент ме избра. И морам да кажам дека Анкетната комисија започна многу сериозно да работи на оваа проблематика, а дали таа Комисија на крај дојде во состојба и да тужи и да суди, тоа ќе мора да го каже јавноста, мора да го кажат и пратениците овде. Сознанието дека пред нас имаме еден огромен материјал кој мора да биде разработен, сознанието дека сакале или не, ќе мора да етикираме и некои личности. Кај мене створи обврска пред се на добро проучување на законските обврски кои постоеле, за жал некои од пратениците рекоа дека немало закони, не постоеле закони. Постоеја закони и 1990 и 1991 и 1992 година и 1993, и 1994, постоеја закони и тоа Закон за права, обврски и одговорности на Републички органи во поглед на средствата во општествена сопственост од 1985 година, кој продолжи со примена и после 1990 година, Законот за изменување и

дополнување на овој закон, донесен е во 1998 година, во кои закони меѓу другото е искажано дека набавките кај сите буџетски корисници се вршат со јавно наддавање, со прибирање на понуди, со непосредна спогодба и на крај 1996 година, донесовме уредба за јавни набавки, во кои сите овие што ги спомнав пред малку се наброени и искажани, а во 1998 година, дојде Законот за јавни набавки.

Морам да кажам дека, мислам сите во комисијата сите овие работи на една седница ги разјаснив, што, како и до каде и што треба да се работи и почнав со проверка на јавните набавки во МВР, под строго доверлив карактер. За тие набавки доаѓавме во Собранието, работевме, направивме извадок од 10 предмети, јас така ги нарекувам 10 предмети за јавни набавки. И на Комисијата едногласно одлучивме дека за сите овие предмети ќе побараме изјаснување од тогашниот министер за внатрешни работи, за дообјаснување на фондови кои ги има Министерството, ќе побараме изјаснување и од Заводот за судски вештачења за да навистина имаме точни релевантни показатели врз кои навистина ќе може на ова Собрание како Анкетна комисија да му доставиме некаков заклучок. И сигурно сега ќе прашате, па тоа сте го направиле, било во ред, да, точно е, сето тоа го направивме, тврдам дека било во ред, меѓутоа иако сум од опозиција кога дојдоа на усвојување заклучоците по однос на набавките во МВР, јас бев воздржан. Бев воздржан од проста причина што не сакав во заклучоците да стојат имиња и презимиња, се додека не го утврдат надлежните. Ние како Анкетна комисија можевме да кажеме дека во набавка, да не споменувам, многу пати овде се спомна, набавка на преводи или коњи, или рејбан наочари и сето тоа, веднаш да пресудиме дека е одговорен тој и тој реков дека имиња нема да спомнувам.

Затоа и реков дека овде мора малку да размислиме дали сите овие што ги имаме наброено денеска во овие заклучоци, се под ист основ и за истите потполно да важат исти критериуми. Не бев против и ден денеска не сум против.

**БЛАГОЈА СТОЈКОСКИ:** (Продолжение)

Бев воздржан од овие причини. Бев воздржан, а таа моја воздржаност вчера ми се потврди и како човек добив своја сатисфакција. Се потврди дека, Јавното обвинителство според еден поранешен министер, кој денеска го имаме во заклучоците на Анкетната комисија, нема покренато обвинителен акт или кривична пријава, правниците подобро знаат од мене. Тоа се потврди од вчерашната документација што ја имаме добиено и затоа велам дека тоа беше една работа за која и позади која стојам и како човек, меѓутоа мора овде да знаете.

Понатамошната работа на Комисијата беше да ги разгледаме набавките во Министерството за одбрана. Одговорно тврдам дека во Министерството за одбрана има над 7.000 набавки, во тој период што го гледавме, почнувајќи од 1991 година, каде мора да кажам, знаејќи ја состојбата на нашата држава со профактури се плаќало за возила, меѓутоа времето било такво, сите тоа го цениме. До еден одреден период добивме извештај од вршени инспекторски контроли на јавните набавки во Министерството за одбрана, меѓутоа со тие извршени контроли добивме и одговори од вршениот, на кој му се вршел инспекторат, добивме од правно - кадровската служба за појаснување на уредбите, подзаконските акти и други акти кои со закон ги донел министерот и Владата на Република Македонија, за да можеме релевантно да одлучуваме. Дотогаш работев, останав уште две седници, зошто напуштив ќе Ви кажам.

Што се случи? Во периодот на разгледување на овие набавки пристигнува извештај за извршен инспекторат на логистика. Сектор за логистика во кој сектор за логистика се вооружување, исхрана, интендантска опрема, санитетска, радио - врски, се она што постои, така да кажам најголемиот дел од набавките се во тој сектор за логистика. Пристигнува материјал од 65 страници, 76 предмети се обработени. Тој материјал пристигнува, ни се дели на членовите на Комисијата, инаку вонредната комисија направена во март месец, што процедурално кажав дека не е точно од минатата Анкетна комисија материјалот, туку од оваа Анкетна комисија формирана во март месец, тоа се двајца пуковници и двајца потпуковници со решение на тогашниот потсекретар, не знам дали е уште, но мислам дека не е, тогашниот потсекретар во Министерството за одбрана, реков дека имиња нема да спомнувам, потсекретар генерал, меѓутоа кој со поранешните министри имаше една полемика во дневниот печат, сите сме ја прателе, - дали во Министерството за одбрана треба да биде цивилна, или воено присуство. Тоа дали е точно или не е точно, еве сега имаме извештај од Европската Унија, имаме од Советот на Европа дека во

Министерството за одбрана сепак мора да постои, да не кажам власт, но мора да постои цивилна власт, затоа што така е во целиот демократски свет. Не може да биде на друг начин во Македонија. Направениот извештај ни се доставува и сега одиме на Комисија. На Комисија се читаат заклучоци од овој материјал претходно многу новинари, материјалот е под строго доверлив карактер. Не натераа секој втор ден да бидеме во Собранието. Кога доаѓаме на Комисијата претставник од Министерството за одбрана вели нема строго доверливост, еве и вчера добивме строго доверлив материјал, тоа е истиот материјал, одеднаш не е строго доверлив и одеднаш што се прави. Бидејќи материјалот е огромен, 76 предмети, 65 страници, се читаат само заклучоците од овие што ги изнашла Комисијата за инспектирање. Тие заклучоци се прочитаа и тие се на три страници и на крај се зборува дека виновен е или одговорни за овие работи се, и се набројуваат некаде 10 или 11 личности. Еве, со какво образложение.

Дотичниот министер или потсекретар, не е битно, одговорен е поради недоволниот надзор врз работата на органот за набавка, што и до некаде може да држи, меѓутоа вели: "ја злоупотребил службената положба, непосредно одлучувал во набавките со што комисиите за набавки ги ставил надвор од процесот на договарање", ова го имате таму. Исто и за број 2, исто и за број 3, а за број 4, нема натаму да коментирам, го имате материјалот, вели: "ја злоупотребува службената положба со што во одреден број на случаи непосредно одлучува за набавките, како и стекнување на лична материјална корист". Ова е заклучок . . . (Покажува лист).

Ливчето го извадив од материјалот, бидејќи имам три материјали добиени "лична материјална корист", па се прашав веднаш на комисија, луѓе, ве молам овде има потсекретари, има помошници и секретари, овој човек мора да оди во затвор. Што го чувате? Уште нешто.

Овој материјал што го добивме откако беше прочитан, заврши седницата. Одам на друга седница, доаѓа материјал за финансиско -материјално работење, пак читање, пак се гласа и по оваа работа, мојата пратеничка група одлучи јас да не учествувам во понатамошната работа на Анкетната комисија. Побарав од следната причина.

Ако некој предмет го има таму и ако некои четворица луѓе со полна одговорност и нивна стручност тврдат нешто, јас не сакам да го тврдам додека тоа не го проверам. Ни еден предмет од овие 76 не е проверен од Анкетната комисија, додека јас работев. Ниту еден. Само се прочита ова на крај. И да кажам некои работи. Ако го земете материјалот, еден поранешен министер се спомнува во целиот материјал на едно или две места за набавка на оклопни транспортери.

Кој ги набавил врз основа, проверував, сакав да бидам до крај како човек во Анкетната комисија што е и како е, проверував дека сета набавка е изведена во законски процедурален, напишана процедура. Тој само за таа работа е ставен на второ место. Или, еден министер кој набавил возила од поранешен амбасадор на Америка, преку формирана комисија, Комисијата утврдила дека возилото е добро и дека е исправно и дека е многу евтино, 45.000 германски марки, а немаме такво возило, е набавено, во материјалите стои дека тој министер е одговорен, зошто го набавил тоа преку комисија. Гледајте 45.000 германски марки, сега да не ја злоупотребувам говорницата, да не зборувам за набавките за возила и се. Потребно е, треба да се набавува, меѓутоа погледајте што се случува. Или, вели во еден од заклучоците. "Министерството давало аванси ..." Еден министер дал 3.000.000 динари аванс на едно претпријатие од Куманово, ЗИК Куманово, меѓутоа тој ЗИК со години го снабдуваше и ден денес го снабдува Министерството за одбрана. Никаде не сакале да видат колку време Министерството за одбрана му должеше пари на ЗИК Куманово, кога Буџетот беше празен. Значи, вака ќе одговараш, а вака што ќе касниш и никој не ти зема камата, нема ништо за тоа. Тоа се два случаи кои се во целата таа книга набележани, кои се искажани и по кои не расправавме. Прочитавме заклучоци, заклучок е сега на Комисија. Сега на Комисија, она што кажа Карангелески дека четвртиот заклучок треба да отпадне, целиот четврти заклучок е препишан од заклучокот на оваа Комисија од четири луѓе, двајца полковници, двајца потполковници. За набавки дека многу се вршени по непосредна спогодба, истиот тој заклучок е земен од оваа Комисија.

Меѓутоа, мора да кажам, прегледав многу материјали, многу набавки. Мора да кажам, мора да стои обратно дека, има набавки со непосредна спогодба, меѓутоа не во поголем дел. Во поголем дел се со прибирање на понуди, на тендери, со она што Законот го регулира до тогаш. Многу помалку се оние со непосредна спогодба, а овде е превртена работата, ако некој ги гледа материјалите.

Или, ако зборуваме понатаму кога се зборува за натамошната одговорност на некои лица, станови и сето тоа, го имате во Извештајот и се наброени по име и презиме за кои и ден денеска не можам да го етикетирам човекот без да и кога се поднесе некоја кривична пријава, не значи дека човекот е крив. Кога ќе утврди судот е крив.

Дали сега ние е како Парламент, се претворивме во суд, ќе рече некој сега пак ја браниш опозицијата, мислам ни една работа не бранам. Она што не е добро, онаму каде имало злоупотреба, останувам секогаш во борба било да е опозиција, било да е позиција. Тоа треба да се искорени. Меѓутоа, кога вакви предмети имам, се прашувам што и како, како член на Парламентот, иако ми е јасно дека одлуката и гласањето исто такви ќе бидат, меѓутоа сакам на Вас многу малку присутни пратеници, верувам дека немавте можност од вчера добиени материјали, оние од јули месец ги заборавивме, сите ги заборавивме, или дел тие кои сме во Комисијата сигурно дека ги работевме, потполно се согласувам, ние кои бевме во Комисијата работевме на тие материјали, ги знаеме тие материјали, но сакам само овде на Вас да Ви предочам неколку примери за да можеме како луѓе да извадиме свои заклучоци, за тоа што ќе го носиме, без некого да бранам, или некого да обвинувам. Ниту сакам, ниту барам нешто такво.

Во однос на станбената политика и злоупотребите со издавање на станови, морам да Ви кажам, не сакам тоа да го коментирам, не сакам да коментирам што еден министер издал стан на генерал, генерал кој влезе во историјата на Македонија, дека треба тој министер да одговара. Ако бев јас, а верувам и сите од Вас на негово место, ќе издадевте стан. На крај краишта, мислам дека секој министер има и некое дискреционо право, како што имаше и министерот за образование, кога рече дека толку и толку студентски соби по дискреционо право ќе ги раздели министерот уште во времето.

Овде, не станува збор за некакви злоупотреби. Овде мора да кажам дека се осетив како човек дека овој Извештај од оваа Комисија направен од овој потсекретар поранешен, сега генерал во пензија, направена доби кај мене призвик на она што не сакам да го кажам, меѓутоа доби призвук на некое тенденциозно изнесување на работи. Затоа и побарав да бидам повлечен. Така јас го сфатив, што не значи дека е точно. Меѓутоа, личноста моја не сакав да ја вплеткувам во овие работи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има господин Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господине претседателе, дами и госпoда пратеници.

На дневен ред е една многу важна точка и мислам дека малку по сериозно да се дискутира. Гледам кај многумина пратеници дека со сериозност дискутираат околу ова прашање.

Точката што е на дневен ред, долго време не сме имале такви расправи, со оглед на фактот дека ваквите работи беа табу теми и затоа не се отвораат такви дискусии.

Мислам дека самата работа на Комисијата треба да се поздрави, како и актот за формирање на Комисијата за преиспитување на јавните набавки кај одредени министерства. Ние после долго време дојдовме до еден извештај кој извештај мислам дека е многу важен и како таков, јас дури на почеток му давам поддршка и ќе гласам за него, не како пратеник на позиција, туку како претставник на граѓаните на оваа држава.

Јас сметам дека се работи за доста важно прашање и тука не треба да има поделба позиција и опозиција. Интересот на граѓаните токму овде лежи. Ние знаеме дека со овој синдром, со овој вирус нашето општество одамна пати и има доста проблеми и компликации. Мора да се расчисти. Токму овој извештај ги тангира овие работи и како таков ние треба повеќе да дискутираме околу работите кои се изнесени во извештајот.

Особено јас како пратеник сакам да знам, дали е точно тоа се што е добиено како материјал од Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана, каде има многу работи кои треба да се осудуваат. Не од правен аспект,

бидејќи ние не сме моќни како Собрание тоа да го направиме, но од политички аспект тоа е морален чин да го направи секој пратеник. Тука не треба да имаме дилеми, меѓутоа и понатаму се инсистира од поедини пратеници некако да се маргинализира целата работа на Анкетната комисија. Верувајте, во моментот треба да имаме голема одговорност и треба да чувствуваме за потреба до крај да одиме со борбата против криминалот. Само така ние можеме да го спасиме ова општество. Друг излез нема. Јас не сум економист, не сум стручњак по овие работи, но гледам дека криминалитетот во стопанството го достигнал својот врв. Јас дури сакам и за пратениците да се формира една ваква Анкетна комисија. Да се преиспитаат некои работи - збогатување преку ноќ.

Господа, со една пратеничка плата, еден од моите колеги, од мојата Пратеничка група, господинот Алириза Лога направил една споредба, мене ми е деветта година што сум во Собрание...

**ХИСНИ ШАЌИРИ:** (Продолжение)

Исто така и јас земам плата. Извинете што, можеби не е толку коректно да се повикувам на мене лично, меѓутоа никој тука мене не може да ме вовлекува во некои валкани работи, да ми каже дека може преку ноќ или со една пратеничка плата да се постигне некој стандард кој е многу многу далеку од стандардот на граѓаните на Република Македонија.

Господа, не треба да се злоупотреби мандатот и политиката само за лични интереси, за лично збогатување, а ние токму тоа веќе го имаме. Многу пратеници обидувајќи се да ги оправдаат некои работи, кога требаше уште порано за нивната работа да се отвори една ваква дискусија, тие и понатаму инсистираат да се направи една блокада, штоп не е човечки, ниту ни е потребно во овој момент.

Јас сум за тоа Анкетната комисија што е формирана да продолжи со својата работа, нека се занимава и со работите во ресорните министерства на сегашната Влада. Тука ништо нема лошо. Зошто некој инсистира по секоја цена да биде во функција на заштита на криминалот и корупцијата во оваа држава. Тоа се документи господа. Дајте со факти да дискутираме, со аргументи. Само со силата на аргументите ние можеме да направиме нешто. Уште еднаш повторувам, тука не треба да има поделба по партиска линија, ниту по другата линија, опозиција или позиција. Тука треба да бидеме сите заеднички и да го кажеме тоа што е потребно за Република Македонија. Ние знаеме дека имаме доста проблеми, знаеме дека голем број од граѓаните имаат низок стандард, дури се соочуваат со проблеми што се многу сериозни, а некој тука, односно дел од пратениците тука многу гласно зборуваат и се прават дека они воопшто не се вклучени во некои работи за кои се дискутира денес. Јас да ви кажам отворено, не сакам да ги спомнувам имињата. Меѓутоа, гледам одредена не одговорност кај одделни пратеници, кои бараат во одредени прилики да се осуди криминалот, а он сам е вовлечен во него. Тоа не смее да го каже. Зошто нема храброст и сам себе да се критикува и тука лансира разно разни идеи, сака да го изманипулира Собранието, исто така и јавноста дека он е чист, дека он досега ништо не направил, дека он доста коректно работел, дека нема ништо, а ние имаме сознанија, имаме информации дека некои веќе имаат добро направен капитал. Од каде е тоа. Но, тој сега сака топката да ја префрли во сосема друг правец и повикувајќи се на некои новини, читајќи тука, сака да се докаже дека сосема е чист и дека досега не направил ништо.

Ние господа имаме извештај кој е верифициран од страна на Анкетната комисија, имаме добиено материјали од двете министерства, а тој со вакви работи, со новинарски работи сака да ги отфрли сите тие работи, кои се многу важни и на нас да ни кажува дека треба да се верува на новинарски работи. Јас не сум против новинарите, меѓутоа не знам кој новинар тоа го направил и зошто го направил. Затоа мислам дека е моментот, треба малку поодговорни да бидеме кон ова прашање, бидејќи некој тука е природно надарен и може од вистината да направи невистина и обратно, бидејќи има тој таков сенс. Тоа може да важи само за категоријата на луѓе кои не ги знаат работите до крај, а ние тука што ги знаеме треба многу сериозно да се соочиме со тој феномен, кој е многу по опасен од тој што е вклучен во стопанскиот криминал. Многу по опасен. Јас барем така сметам.

Затоа не сакам да ви одземам многу време, знам дека ќе има и други дискусии, меѓутоа секој од нас како претставник на граѓаните од оваа држава треба да бидеме по одговорни и само врз основа на нашата одговорност можеме да направиме нешто што е во интерес на оваа држава, а не со манипулации, со разно разни девијантни работи, шпекулации и т.н.,тука пред говорница да бидеме како кралеви во антиката. Тоа не треба да го дозволиме,

бидејќи се работи за овој  век и тука не треба да дозволиме да правиме компромис со такви луѓе.

Јас уште еднаш сакам да повторам дека одредена категорија на луѓе го прават делото, а се прават дека тука нема воопшто ништо. Токму во овој случај се работи за такви работи. Затоа уште еднаш барам одговорност од сите пратеници, бидејќи се работи за конкретен случај, имаме добиено многу важни материјали и нека се каже нај отворено. И јас сакам да се убедам, меѓутоа не со лаги и некои други работи како што беше расправата вчера и денес од страна на поедини пратеници. Тука во Извештајот не треба да има компромис и да се префрла топката во ДПА, дека ДПА година и нешто што е на власт, исто така важи за целата полиција, ВМРО-ДПМНЕ. Ние знаеме дека стопански криминал во оваа земја постои и датира дури од осамостојувањето на Република Македонија и порано, од поранешната структура, од монизмот. Меѓутоа, ние имавме и такви прилики, кога беше аферата ТАТ, од премиерот јас на оваа говорница слушнав и ми беше многу пријатно, кога он самиот вети дека ќе се соочи со сите луѓе кои се вовлечени во стопанскиот криминал.

Меѓутоа од таа изјава на поранешниот премиер ништо, таа беше само така декларативна и немавме никакви резултати. Јас до ден денес, како пратеник, немам никакви сознанија околу овој проблем. И сега треба со заеднички сили да ја преземеме одговорноста и да се искорени овој феномен и еднаш за секогаш да му се стави точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Хисни Шаќири за учеството во расправата.

Има збор пратеникот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Господине претседателе, колеги пратеници.

Два дена водиме расправа околу важно прашање и секогаш постои опасноста нешто да се повтори, од она што го кажале претходните дискутанти. Ќе се трудам помалку да го правам тоа, меѓутоа несомнено некои работи мора да се кажат.

Прво, беше дилемата дали имало потреба да се формира таква Анкетна комисија или не. Таа дилема воопшто не треба ни да постои. Постоењето на Анкетните комисии не само што е регулирано со закон, туку според мене е составен дел на демократското живеење. Уште повеќе, јас би рекол дека таквите Анкетни комисии, особено околу јавните набавки треба да станат традиција или правило, ако сакате или уште повеќе услов без кој не ќе може да функционира ниту едно Собрание, ни сегашното ниту идното, бидејќи трошењето на државни пари од секогаш било голем предизвик, за секого.

Затоа во демократијата се измислени ваквите повратни механизми за контрола на трошењето на тие пари. Ако ние како Парламент одлучуваме за огромната сума на пари во Буџетот и нивната распределба, сосема оправдано и нормално е да се бара строга контрола на трошењето. Тука почнува инверзијата по принципот било поминало, или онаа народната - тури му пепел. Можеме ли да си дозволиме таков луксуз пред оние кои го полнат Буџетот во оваа држава и се согласувам со тоа, далеку од тоа дека ова Собрание треба пресудува и да изигрува судска институција. Никогаш не сум се согласувал со тоа.

Меѓутоа во описот и пописот на функционирањето на оваа Анкетна комисија, стои дека своите наводи ги упатува до надлежните институции. И совршено јасно е дека сега главниот збор ќе го имаат обвинителството и судовите и тоа е нормално. Меѓутоа, мене ме загрижува фактот што тоа се пролонгира. И ако го погледнете извештајот на јавниот обвинител, јас мислам дека 90% од таксативно наведените точки, завршуваат со "истрагата се уште е во тек". Зошто тапка истрагата или кој ја кочи, дали е тоа проблем на обвинителството и судовите или проблемот е, можеби, по комплексен, не стигнуваат на време информациите од соодветните министерства до судот или до обвинителството.

Затоа го повикувам јавниот обвинител и сите останати судски инстанци, вклучувајќи ги и министерствата да ја ажурираат работата и да ја изведат до крај.

Некој од дискутантите на опозицијата спомна дека треба да се прекине со ставање равенство меѓу политичари и криминал. Апсолутно се согласувам со тоа и ја слично и мислам сите колеги пратеници во оваа Собраниска сала. Сите политички партии треба да расчистат со криминалот во своите редови. Само така бе создадеме клима на чесно работење во политиката. И самата опозиција е свесна колку штета им направи еден бивш министер, нивни гласноговорник, кога ќе го прочитате на секоја страна од извештајот, а и во дневниот печат како дели совети на политичарите, политичките партии и слично и како нив ги квалификува. Во свое време држеше и јавен курс за фаќање атентатори. Тоа е точно, а замислете како

истиот трошел државни пари во висок манир и стил и невидена галантност.

Според мене тоа е чиста политичка перверзија. Зарем можат да се заборават "Асиба", "Микеј", пасоши, таблици за моторните возила, да не зборуваме за коњи, слики и т.н.

Што се однесува до извештајот, дали можеме да си го земеме правото да негираме стручно мислење, пред се на Републичкиот завод за судско вештачење и стручни екипи од министерствата.

Јас му благодарам на колегата Стојковски кој претходно, мислам дека на еден многу еклатантен начин не извести за работењето на оваа комисија. Ако некој од овие повикани стручни лица во министерствата дале лажни извештаи, тогаш сигурно дека ќе одговараат за тоа. За тоа ние не треба да водиме грижа.

Што се однесува до брзината на работата на Комисијата, претпоставувам дека, а и тоа беше кажано од членовите на Комисијата дека требало да биде прегледан огромен материјал, стотици илјади страници, претпоставувам, слушнавме какви се предмети, веројатно било во прашање и ажурноста во испраќање материјали до Комисијата. Инаку вака кога ќе се погледне овој извештај кој ние го добивме, тоа се стотици страници на бројки и анализи и навистина боли глава од високите суми и од начините на располагање со истите тие големи суми.

Глобално јас би рекол дека можат да се лоцираат четири пункта. Тоа се така наречените авансни плаќања, кога се плаќа однапред за извршена услуга или за одредена набавка и јас само како пример таму би навел дела платено е некакво возило, кое не е подигнато, плаќањето во кеш, како што е тоа со уметничките слики и т.н., набавки по повисоките цени, тоа се однесува на транспортерите и директните договори со добавувачите. Сите овие дејствија се спротивни на законот. Зарем тоа не е доволно за заклучокот - оправдано сомневање за злоупотреба како што заклучува Комисијата. Затоа се залагам Анкетната комисија да постои постојано во Собранието и да го контролира трошењето на парите на граѓаните.

Неважно е во моментов дали тоа ќе биде истиот состав на оваа собраниска Комисија, дали дополнет или променет. Тоа во моментот е сеедно, тоа би рекол е некаква техника или техничко прашање.

Битно е еднаш за секогаш да се стави брана на злоупотребите со туѓи пари, за да се изгради свест на одговорност и морал прво кај политичарите и политичките партии, а потоа тоа да го бараме од граѓаните. Треба да се залагаме за традиција во контрола и борба против криминалот, а не традиција во криминално однесување, корупција и слично. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Јованов за дискусијата.

Дами и господа пратеници, ја прекинувам седницата и ќе продолжиме во вторник после свечениот дел на седницата, кога ќе ни се обрати, по барање на Владата еврокомесарот господинот Крис Патен во 11,15 часот. После тоа ќе ја продолжиме седницата, бидејќи имаме доста дискутанти.

Ги молам пратениците да влезат внатре, да се провериме кој денес е присутен на седницата.

Пратеникот Никола Поповски побара збор, надвор од седницата.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не се работи, претседателе за седницата, во ред е тоа.

Сакав да ве замолам за една друга работа, евентуално и другите координатори.

Имаме закажано седница во четврток која е редовна седница, средата, заради објективни причини, претпоставувам е ден кога нема да се работи. Понеделникот имаме закажано седници на најголемиот дел од собраниските комисии, затоа што овие термини вчера и денес ги промашивме заради оваа седница. Карактерот на таа седница во четврток е таков што, има многу закони кои се многу сериозни и кои се и финансиски и објективно условите на граѓаните ќе ги променат во некои делови и во здравството и во пензиското осигурување, не се баш наивни закони, така да речам.

Можеби не е лошо овој ден, вторник, јас како иницијатива тоа го давам, па вие одлучете, да искористиме, Крис Патен да го слушнеме, како свечена седница, а после тоа да дозволите да немаме седница, да можеме пратеничките групи да ги разгледаме законите, за да можеме во четврток да бидеме поспремни, евентуално како размислување. Или пак ако продолжуваме во вторник, тогаш да продолжиме со работа од 15 часот попладне со оваа седница, а од 12 часот па до 15 часот, во паузата, пратеничките групи да можеме сепак да ги разгледаме законите, за да можеме да настапиме сите усогласено

во четврток, затоа што сите термини ни се покрија и понеделник и вторник и среда.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе размислам за сите варијанти, дополнително ќе бидете известени.

Во секој случај, можно е, ако има потреба од уште едно дополнително читање на законите и да се одложи седницата и од 9 за наредната недела.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не, само треба меѓу нас да се усогласиме, за амандмани...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ги видиме тие работи.

Во секој случај, службите нека ги земат картиците, како што е нормално и ве молам притиснете на системот вие што сте тука.

(Седницата заврши во 16,20 часот).